СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 152 Год. LXIV | Петок, 5 декември 2008 | Цена на овој број е 210 денари

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
3136.	**Закон** за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување	2
3137.	**Одлука** за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија	4
3138.	**Исправка** на Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност	4
3139.	**Одлука** за отстапување на медицинска опрема од стоковните резерви, без надомест	4
3140.	**Решение** за именување членови на Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на одделни факултети на Државниот универзитет во Тетово	5
3141.	**Исправка** на Решението за именување директор на Државниот инспекторат за животна средина	5
3142.	**Исправка** на Решението за именување заменик на директорот на Затвор Тетово	5
3143.	**Правилник** за формата и содржината на легитимацијата која се издава на лобистот и начинот на нејзиното издавање	5
3144.	**Правилник** за формата и содржината на образецот на пријавата за запишување, пререгистрација и бришење од регистарот	7
3145.	**Правилник** за формата и содржината на образецот за запишување во регистарот и начинот на неговото водење.	11
3146.	**Решение** за запирање од извршување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за оцена на работната способност	12
3147.	**Правилник** за мерките за одржување на јавните патишта, начинот и роковите за нивно извршување, како и видот и начинот на извршување на активностите за редовно, зимско, периодично и интервентно одржување на јавните патишта	12
3148.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и роковите за утврдување, пресметување, уплатување на надоместоците; начинот и постапката за водење, одржување и чување на евиденцијата за пресметаниот и уплатениот надоместок; за содржината, начинот и роковите за воспоставување, одржување и водење на евиденцијата на обврзниците, како и начинот на доставување на податоците за водење на евиденцијата	18

		Стр.
3149.	**Правилник** за поблиските услови во поглед на потребната опрема која треба да ја поседуваат овластени научни стручни организации и институции како и други правни и физички лица, за вршење на определени стручни работи за мониторинг на бучава.....	**25**
3150.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност.....	**25**
3151.	**Решение** за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда...	**25**
3152.	**Решение** за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда...	**26**
3153.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност.....	**26**
3154.	**Решение** за давање дозвола за работење на инвестиционен советник.....	**27**
3155.	**Решение** за менување на Решението бр. 07-1764/6 од 02-07-2007 година за давање дозвола за работење на брокерска куќа.....	**27**
3156.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност.....	**27**
3157.	**Решение** за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда...	**27**
3158.	**Решение** за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда...	**28**
3159.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност.....	**28**
3160.	**Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 184/2007 од 20 ноември 2008 година.....	**28**
3161.	**Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 2/2008 од 20 ноември 2008 година.....	**29**
3162.	**Решение** на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 52/2008 од 12 ноември 2008 година.....	**31**
3163.	**Издвоено мислење** на судија на Уставниот суд на Република Македонија.....	**35**
3164.	**Одлука** за дополнување на Одлуката за начинот и постапката за отворање и затворање на трансакциска сметка...	**35**
3165.	**Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за просечна цена на производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за греење за регулиран период на Скопје Север АД - Скопје.....	**36**
3166.	**Одлука** за одобрување на тарифните ставови за електрична енергија и моќност испорачана на тарифните потрошувачи директно приклучени на преносната мрежа кои вршат дејност од јавен интерес.....	**36**
3167.	**Листа** на категоризирани спортисти во Република Македонија, за период јануари 2007 – декември 2008 година	**37**
3168.	**Листа** на категоризирани спортисти во Република Македонија, за период јануари 2007 – декември 2008 година	**38**
3169.	**Одлука** за доделување на Државната награда „Св.Климент Охридски“ во 2008 година за највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на воспитанието, образованието, културата, уметноста, здравството, спортот, заштитата и унапредувањето на човековата околина и во социјалната дејност од јавен интерес на Република Македонија.....	**39**
3170.	**Одлука** за објавување конкурс за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност.....	**40**
	Огласен дел.....	**1-56**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3136.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 декември 2008 година.

Бр. 07-5321/1
3 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006 и 153/2007), по Главата „VI. ПЕНЗИСКИ СТАЖ“ се додава нова глава со три нови члена 130-а, 130-б и 130-в, кои гласат:

„VI-а СОЛИДАРЕН ФОНД - посмртна помош и членарина

Член 130-а

На корисник на пензија, со негова согласност, му се запира дел од пензијата за обезбедување на средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во здружение на пензионери (членарина).

Средствата за солидарен фонд - посмртна помош, Фондот ги уплатува на посебна потсметка во рамките на Трезорската сметка со назнака „Средства за солидарен фонд - посмртна помош на корисници на пензија“.

Член 130-б

Издвојувањето на посмртната помош и членарината се врши од пензијата на корисникот на пензија, месечно, при исплата на пензијата, освен од семејната пензија на дете остварена по основ на школување.

Висината на задршката за посмртна помош и членарина, висината на исплатата за посмртна помош во зависност од акумулираните средства и смртноста на корисниците на пензија, начинот на распределба на членарината, начинот и постапката за исплата на посмртната помош на корисниците на пензија од средствата на солидарниот фонд во единствен износ за сите корисници на пензија, како и начинот на располагање со слободните а неискористени средства од посмртна помош, со акт ги утврдува регистрирана организација на сојузите на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Актот од ставот 2 на овој член се објавува на почетокот на секоја година во „Службен весник на Република Македонија“.

Средствата по основ на членарина Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ги дозначува на сметката што ја определува регистрираната организација составена од сојузите на здруженијата на пензионерите.

Член 130-в

Исплатата на посмртната помош од средствата на солидарниот фонд ја врши Стручната служба на Фондот преку подрачните единици.“

Член 2

Издвојувањето на средства за солидарен фонд - посмртна помош и членарината се однесува и на корисниците на пензија на кои им се вршела задршка за солидарен фонд - посмртна помош и членарина пред денот на влегувањето во сила на овој закон, со нивна согласност.

Член 3

Неискористените средства за исплата на посмртна помош кои по 1 јануари 2008 година се дозначени на посебната сметка „Средства за солидарен фонд - посмртна помош“, Фондот е должен да ги врати на одделни општински здруженија на пензионерите и инвалидите на трудот, најдоцна во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Враќањето на средствата од ставот 1 на овој член Фондот ќе го изврши во висина на преостанатиот дел од неисплатените средства од извршената уплата пред денот на влегувањето во сила на овој закон од страна на одделни општински здруженија на пензионерите и инвалидите на трудот на Фондот.

Член 4

Средствата за исплата на посмртна помош за случаи настанати пред денот на влегувањето во сила на овој закон, Фондот преку подрачните единици ќе ги исплати во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I G J
PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM PENSIONAL DHE INVALIDOR

Neni 1

Në Ligjin për sigurim pensional dhe invalidor ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006 dhe 153/2007), pas Kreut: "VI. "STAZH PENSIONAL" shtohet Kreu i ri me tre nene të reja 130-a dhe 130-b dhe 130-v, si vijojnë:

"VI-a FONDI SOLIDAR - ndihma pas vdekjes dhe pagesa e anëtarësisë

Neni 130-a

Shfrytëzuesit të pensionit, me pëlqim të tij, i mbahet një pjesë e pensionit, për sigurimin e mjeteve, të nevojshme për pagesën e ndihmës pas vdekjes për anëtarët e familjes së tij dhe për anëtarësimin në shoqatën e pensionistëve (pagesë anëtarësie)"

Mjetet për fondin solidar - ndihmë pas vdekjes, Fondi i paguan në nënllogari të veçantë në kuadër të llogarisë së Trezorit, me shenjën "Mjete për fondin solidar - ndihmë pas vdekjes të shfrytëzuesve të pensionit".

Neni 130-b

Ndarja e ndihmës pas vdekjes dhe pagesa e anëtarësisë bëhet nga shfrytëzuesi i pensionit, në muaj, gjatë pagesës së pensionit, përveç nga pensioni familjar të fëmijës, të realizuar në bazë të shkollimit.

Lartësinë e mjeteve të mbajtura për ndihmë pas vdekjes dhe pagesës së anëtarësisë, lartësinë e pagesës për ndihmë pas vdekjes varësisht nga mjetet e akumuluara dhe vdekshmërisë së shfrytëzuesve të pensionit, mënyrën e shpërndarjes së anëtarësisë, mënyrën dhe procedurën për pagesë të ndihmës pas vdekjes të shfrytëzuesve të pensionit nga mjetet e fondit solidar në shumë unike për të gjithë shfrytëzuesit e pensionit si dhe mënyrën e disponimit me mjetet e lira dhe të pashfrytëzuara nga ndihma pas vdekjes, me akt i përcakton organizata e regjistruar e Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë.

Akti nga paragrafi 2 i këtij neni, shpallet në fillim të çdo viti në "Gazetën zyrtare të Republikë së Maqedonisë".

Mjetet në bazë të pagesës së anëtarësisë Fondi i sigurimit pensional dhe invalidor i Maqedonisë i dërgon në llogari e cila e përcakton organizatën e regjistruar të përbërë nga lidhjet e shoqatave të pensionistëve."

Neni 130-v

Pagesën e ndihmës pas vdekjes nga mjetet e fondit solidar e bën Shërbimi profesional i Fondit përmes njësive rajonale."

Neni 2

Ndarja e mjeteve për fondin solidar - ndihma pas vdekjes dhe pagesa e anëtarësisë ka të bëjë edhe me shfrytëzuesit e pensionit të cilëve u janë mbajtur mjete për fondin solidar - ndihmë pas vdekjes dhe pagesë anëtarësie para ditës së hyrjes në fuqi të këtij ligji, me pajtim të tyre.

Neni 3

Mjetet e pashfrytëzuara për pagesën e ndihmës pas vdekjes të cilat pas 1 janari 2008 janë të dërguara në llogari të veçantë "Mjete për fondin solidar - ndihmë pas vdekjes", Fondi është i detyruar t'iu kthejë shoqatave komunale individuale të pensionistëve dhe të invalidëve të punës, më së voni në afat prej 15 ditë nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Kthimin e mjeteve nga paragrafi 1 i këtij neni, Fondi do ta bëjë në lartësi të pjesës së mbetur të mjeteve të papaguara nga pagesa e bërë para ditës së hyrjes në fuqi të këtij ligji nga ana e shoqatave individuale komunale të pensionistëve dhe Fondit të invalidëve të punës .

Neni 4

Mjetet për pagesën e ndihmës pas vdekjes për rastet e ndodhura para ditës së hyrjes në fuqi të këtij ligji, Fondi përmes njësive rajonale do t'i paguajë në afat prej 15 ditësh nga hyrja në fuqi e këtij ligji.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

3137.

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, а во врска со член 27 став 5 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/2006 и 136/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 4 декември 2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЗАМЕНИК И ЧЛЕНОВИ НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

I. За претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија, се избираат:

а) за претседател

Александар Новакоски, досегашен член на Државната изборна комисија;

б) за заменик

Субхи Јакупи, досегашен заменик претседател на Државната изборна комисија;

в) за членови:

Јован Јосифовски, досегашен претседател на Државната изборна комисија;

Влатко Сајкоски, досегашен директор на ЈП за водоснабдување "Студенчица" - Скопје;

Сашо Срцев, досегашен државен советник во Министерството за транспорт и врски;

Тања Алтанциева, досегашен член на Државната изборна комисија и

Бедредин Ибраими, досегашен советник на директорот за правни работи во ТП „Интерпромет" АД - Тетово.

II. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на претседателот, заменикот и членовите на Државната изборна комисија, избрани со Одлуката за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/2006)

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-5357/1
4 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3138.

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008), е направена грешка, поради што се дава

И С П Р А В К А
НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ

Во членот 4 наместо зборовите: „ставот 4" треба да стојат зборовите: „ставот 5".

Бр. 10-4757/2
2 декември 2008 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија
на Собранието на Република Македонија

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3139.

Врз основа на член 16 од Законот за стоковни резерви („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04 и 103/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА ОД СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ, БЕЗ НАДОМЕСТ

Член 1

Со оваа одлука се отстапува медицинска опрема од стоковните резерви без надомест на следните јавни здравствени установи во Република Македонија:

I. ЈЗО РЕПУБЛИЧКИ ЗАВОД ЗА ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА - СКОПЈЕ

1) Албумин програм со вирусолошка лабораторија	1
2) Апарат квантум (за испитување хепатит – Б)	1

II. ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА – ОХРИД

1) Галенска лабораторија (комплетна)	1

III. ЈЗУ КЛИНИКА ЗА АНЕСТЕЗИЈА, РЕАНИМАЦИЈА И ИНТЕНЗИВНО ЛЕКУВАЊЕ, ″КАРИЛ″ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ

1) Апарат дефибрилатор „Датоскоп″	1
2) Апарат за давање кислород (куфери за реанимација)	2
3) Боци за кислород	6

IV. ЈЗО РЕПУБЛИЧКИ ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА – СКОПЈЕ

1) Апарат за испитување на радијација	1
2) Дигитален спектро фотометар	1
3) Центрифуга	1
4) Микротитрација	1
5) Потрабл РО апарат	1
6) Микроскоп стандард 14	1
7) Подвижна медицинска болница	1
8) Аутоклав „Вебеко"	1
9) Инкубатор „Морава"	1
10) Микроскоп „Рајхнерт" 162	1
11) Универзален термостат УП-800	2
12) Фрижидери	3
13) Стерилизација (водена бања)	1
14) Апарат за дестилација на вода	1
15) Термостат	1
16) Худова комора (кабинет)	1
17) Лабораториска центрифуга НЦ-32	1
18) Алфа-Бета	1
19) Галенска лабораторија - Скопје	1
20) Процесор Беринги – Елиса	1
21) Пипети	1
22) Интерен микроскоп ТП-03	1
23) Сад за испитување	1
24) Универзална мешалка 405	1
25) Електрична вага СТ 1111	1
26) Гас регенератор со прибор	2
27) Медицинско возило	1.

Член 2

Се задолжуваат Министерството за финансии - Бирото за стоковни резерви и јавните здравствени установи од член 1 на оваа одлука, да ја спроведат одлуката.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-5564/1
18 ноември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Ивица Боцевски, с.р.

3140.

Врз основа на член 34 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008 и 103/2008), а во врска со член 1 алинеите 4 и 8 и член 3 од Законот за основање на Државен универзитет во Тетово („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2004 и 81/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 ноември 2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА МАТИЧНАТА КОМИСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА НА ОДДЕЛНИ ФАКУЛТЕТИ НА ДРЖАВНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО

1. За членови на Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на: Факултетот за медицински науки и Факултетот за бизнис администрација со седиште во Куманово на Државниот универзитет во Тетово се именуваат:
- Азиз Положани,
- д-р Агим Вела,
- д-р Владо Поповски,
- Ликјон Ебиби,
- Агим Нухиу,
- д-р Бранислав Саркањац.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-6145/1
23 ноември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

3141.

И С П Р А В К А
НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Во Решението за именување директор на Државниот инспекторат за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2008), во точка 1 наместо „Фируз Мемет“ треба да стои „Фирус Мемед“.

Од Владата на Република Македонија

3142.

И С П Р А В К А
НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ЗАТВОР ТЕТОВО

Во Решението за именување заменик на директорот на Затвор Тетово („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/2008) во точка 1 наместо „Боби Николовски“ треба да стои „Божидар Николоски“.

Од Владата на Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

3143.

Врз основа на член 13 став (4) од Законот за лобирање („Службен весник на Република Македонија” бр. 106/08), министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА КОЈА СЕ ИЗДАВА НА ЛОБИСТОТ И НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на легитимацијата која се издава на лобистот и начинот на нејзиното издавање.

Член 2

Големината на легитимацијата е со димензии 7,5 х 11 см.

Корицата на легитимацијата се изработува од кожа во темно сина боја.

Легитимацијата се издава според Образец број 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Од надворешната страна корицата на легитимацијата е изработена од кожа, во темно сина боја, а на предната надворешна страна на горниот дел со златни букви е отпечатено: „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”. Под него е отпечатен називот: “ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ЛОБИСТ”.

На предната внатрешна страна од корицата на легитимацијата е додадена пластифицирана прозирна фолија во која се вметнува тврдо пластифицираниот картон, кој е изработен во бела боја со димензии 9 х 6 см.

На предната страна од картонот, во горниот дел во левиот агол е напишано “Република Македонија”, “ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ЛОБИСТ”. Под тоа, од левата страна се внесуваат податоци за името и презимето на носителот на легитимацијата, како и регистарскиот број на легитимацијата, а на десната страна е обележано место за фотографија во боја со големина 2,5 х 3 см и под неа место за печатот и потпис на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

Задната страна на картонот ги содржи следните податоци: орган во кој работи носителот на легитимацијата, датумот и местото на раѓање, живеалиштето и датумот на издавање на легитимацијата.

Член 4

Легитимацијата се издава за време додека трае основот според кој е издадена.

Член 5

Носителот на легитимацијата што ја изгубил или на друг начин останал без неа, веднаш, а најдоцна за три дена го известува генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, при што ги изнесува и причините за тоа.

На носителот на легитимацијата на кој легитимацијата му е оштетена или изгубена му се издава нова, а за старата легитимација во евиденцијата се става забелешка.

Член 6

Легитимацијата која се враќа или заменува, се поништува.

Член 7

Ако престане основот за издавање на легитимацијата, носителот веднаш ја предава на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

Во случај на непредавање, а престанал основот според кој е издадена легитимацијата, таа по службена должност се огласува за ништовна и за тоа се известува правното лице каде е вработен лобистот.

Член 8

За издадените и одземените легитимации, се води евиденција.

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-6556/4
1 декември 2008 година
Скопје

Министер за правда,
Михајло Маневски, с.р.

Образец бр. 1

ПРЕДНА НАДВОРЕШНА СТРАНА ОД КОРИЦАТА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ЛОБИСТ

ПРЕДНА СТРАНА ОД ТВРДО ПЛАСТИФИЦИРАНИОТ КАРТОН

Република Македонија

ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ЛОБИСТ

_____
Име

_____
Презиме

Рег.бр. _____

Потпис на генералниот секретар
на Собранието на Република Македонија

ЗАДНА СТРАНА ОД ТВРДО ПЛАСТИФИЦИРАНИОТ КАРТОН

_____

орган во кој работи носителот на легитимацијата

_____

(датум и место)

роден-а

_____

живеалиште

_____

датум на издавање на легитимацијата

3144.

Врз основа на член 12 став (2) од Законот за лобирање („Службен весник на Република Македонија” бр. 106/08), министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПРИЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ, ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА И БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТАРОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на пријавата за запишување, пререгистрација и бришење од Регистарот.

Член 2

Образецот на пријавата за запишување во Регистарот (Образец број 1) е со формат А4 на бела хартија и го содржи следниот текст: податоци за лицето кое ја доставило пријавата (име и презиме, ЕМБГ и адреса на живеење); име и седиште на правното лице во кое лицето кое што се пријавува за упис за лобист е вработено; бројот на регистрацијата на правното лице во Централниот регистар; и бројот на регистрацијата во Централниот регистар ако барателот е трговец поединец за дејноста лобирање.

Член 3

Образецот на пријавата за пререгистрација во Регистарот (Образец бр. 2), е со формат А4 на бела хартија и го содржи следниот текст: податоци за лицето кое ја доставило пријавата (име и презиме, ЕМБГ и адреса на живеење); име и седиште на правното лице во кое лицето кое што се пријавува за упис за лобист е вработено; бројот на регистрацијата на правното лице во Централниот регистар; и бројот на регистрацијата во Централниот регистар ако барателот е трговец поединец за дејноста лобирање.

Член 4

Образецот на пријавата за бришење од Регистарот (Образец бр. 3) е со формат А4 на бела хартија и го содржи следниот текст: податоци за лицето кое ја доставило пријавата (име и презиме, ЕМБГ и адреса на живеење); име и седиште на правното лице во кое лицето кое што се пријавува за упис за лобист е вработено; бројот на регистрацијата на правното лице во Централниот регистар; и бројот на регистрацијата во Централниот регистар ако барателот е трговец поединец за дејноста лобирање.

Член 5

Образец број 1, 2 и 3 е негов составен дел.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-6556/5
1 декември 2008 година
Скопје

Министер за правда,
Михајло Маневски, с.р.

Образец бр. 1

РЕГИСТАР НА ЛОБИСТИ

П Р И Ј А В А
ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ЛОБИСТИ

1. Подносител (податоци за лицето кое ја доставува пријавата):

_____ _____
(име) (презиме)

ЕМБГ _____

Улица _____ _____ _____ _____
(број) (влез) (стан)

_____ _____ _____
(место на живеење) (општина) (држава)

2. Податоци за правното лице каде е вработен барателот (име и седиште на правното лице)

_____

Број на регистрација во Централниот регистар

_____

Број на регистрација во Централниот регистар ако барателот е трговец-поединец _____

Образец бр. 2

РЕГИСТАР НА ЛОБИСТИ

П Р И Ј А В А
ЗА ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА

1. Подносител (податоци за лобистот кој ја доставува пријавата):

_____ _____
(име) (презиме)

ЕМБГ _____

Улица _____ _____ _____ _____
(број) (влез) (стан)

_____ _____ _____
(место на живеење) (општина) (држава)

2. Податоци за правното лице каде е вработен барателот (име и седиште на правното лице)

_____

Број на регистрација во Централниот регистар

_____

Број на регистрација во Централниот регистар ако барателот е трговец-поединец _____

Образец бр. 3

РЕГИСТАР НА ЛОБИСТИ

П Р И Ј А В А
ЗА БРИШЕЊЕ

1. Подносител (податоци за лобист кој бара бришење на Регистарот)

_____ _____
(име) (презиме)

ЕМБГ _____

Улица _____ _____ _____ _____
(број) (влез) (стан)

_____ _____ _____
(место на живеење) (општина) (држава)

2. Податоци за правното лице каде е вработен барателот (име и седиште на правното лице)

_____

Број на регистрација во Централниот регистар

_____

Број на регистрација во Централниот регистар ако барателот е трговец-поединец _____

3145.

Врз основа на член 10 став (3) од Законот за лобирање („Службен весник на Република Македонија” бр. 106/08), министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ И НАЧИНОТ НА НЕГОВОТО ВОДЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот за запишување (упис) во Регистарот и начинот на неговото водење.

Член 2

Регистарот се води на Образец кој е во форма на Уписник во укоричена книга со димензии 25 х 35 см, а на насловната страна во средината е испишан текст кој гласи: „Регистар на лобисти на Република Македонија”.

Секоја страница на Регистарот има реден број напишан со арапски броеви, по растечка големина.

Член 3

Образецот на Регистарот кој е даден во Образец број 1 на овој правилник, ги содржи следните рубрики: „Реден број” (се запишува редниот број на уписот); “Датум и час на поднесување на барањето за запишување); „Лични податоци за лицето кое бара упис (име и презиме, ЕМБГ и адреса на живеење); „Име и седиште на правното лице во кое лицето кое бара упис е вработено”; „Број и датум на решението за упис” (се запишува бројот и датумот на решението со кое се изврши уписот); „Број и датум на решението за одбивање на барањето за упис” (се запишува бројот и датумот на решението со кое е одбиено барањето за упис); „Број и датум на решението за пререгистрација” (се запишува бројот и датумот на решението со кое е извршена пререгистрацијата); „Број и датум на решенијата за бришење” (се запишува бројот и датумот на решението со кое е избришан лобистот од Регистарот); и „Забелешка” (се запишуваат податоци кои се од значење за лобистот, а можат да имаат влијание на неговиот статус како лобист).

Образецот на Регистарот е составен дел на овој правилник.

Член 4

Легитимацијата која се враќа или заменува и се поништува.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-6556/6
1 декември 2008 година
Скопје

Министер за правда,
Михајло Маневски, с.р.

Образец бр. 1

РЕГИСТАР НА ЛОБИСТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ред.бр.	Датум и час на поднесување на барањето за запишување	Лични податоци на лицето кое бара упис (име и презиме, ЕМБГ и адреса на живеење)	Име и седиште на правното лице во кое лицето кое бара упис е вработено	Број и датум на решението за упис (се запишува бројот и датумот на решението со кое се врши уписот)	Број и датум на решението за одбивање на барањето за упис (се запишува бројот и датумот на решението со кое е одбиено барањето за упис)	Број и датум на решението за пререгистрација (се запишува бројот и датумот на решението со кое е извршена пререгистрацијата)	Број и датум на решението за бришење (се запишува бројот и датумот на решението со кое е избришан лобистот)	ЗАБЕЛЕШКА (се запишуваат податоци кои се од значење за лобистот, а можат да имаат влијание на неговиот статус како лобист)
1	2	3	4	5	6	7	8	9

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

3146.

Врз основа на член 170 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/00, 96/00, 50/01, 85/03, 50/04, 4/05, 84/05, 101/05, 70/06 и 153/07), министерот за труд и социјална политика донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ЗАПИРАЊЕ ОД ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ОЦЕНА НА РАБОТНАТА СПОСОБНОСТ

1. Се запира од извршување Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за оцена на работната способност, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 139/08.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Министер
26 ноември 2008 година за труд и социјална политика,
Скопје **Џељаљ Бајрами**, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

3147.

Врз основа на член 35 став 2 и 36 став 5 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08), министерот за транспорт и врски донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА МЕРКИТЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА, НАЧИНОТ И РОКОВИТЕ ЗА НИВНО ИЗВРШУВАЊЕ, КАКО И ВИДОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА РЕДОВНО, ЗИМСКО, ПЕРИОДИЧНО И ИНТЕРВЕНТНО ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат мерките за одржување на јавните патишта, начинот и роковите за нивно извршување, како и видот и начинот на извршување на активностите за редовно, зимско, периодично и интервентно одржување на јавните патишта.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник, го имаат следното значење:

1. „Патна опрема” е сигнализација, рампи на патарина и уреди за наплата на патарина, објекти за заштита од снег, одронувања на карпи, ветер, бучава, светла и останати штетни/опасни дејствија на патот, телекомуникациски и електрични уреди, уреди за контрола и регулирање на сообраќајот, уреди за далечинско информирање и предупредување, уреди за контрола на тежината на возилата, контрола на брзината на возилата, уреди за одредување на квантитет и квалификација на возилата и безбедносни уреди во тунелите.

2. „Референтен систем” е систем кој е разработен да ја регистрира патната инфраструктура, објектите на јавниот пат и настаните долж патот и вообичаено се дефинира во форма на чворен систем/систем на делници, при што далечината/километражата се мери од почетокот на секоја делница во километри посебно.

3. „Систем за управување на коловозите” е систем кој го вклучува идентификувањето на оптималните стратегии на различни нивоа на управување и одржување на коловозите на соодветно ниво на услужливост; кој ги вклучува, но не ги ограничува, систематските постапки за планирање на активностите за одржување и рехабилитација врз основа на оптимизирање на добивките и минимизирање на трошоците.

4. „Слој на мраз” е хомоген слој од мраз кој се формира на коловозот предизвикан од замрзнат дожд или предизвикан од дожд кој паѓа на коловозната површина на ниски температури, или предизвикан од замрзнување на вода која се формира од топење на снег или друга вода која доаѓа на површината на коловозот (од пристапни патишта, берми, косини или од нанос од канали).

5. „Навејување на снег” е нанос од снег кој се разнесува и се наталожува на места каде брзината на ветрот се намалува (живи огради, огради, усеци и падини/наклони, ивици на насипи, згради, огради за заштита од бучава итн).

6. „Материјал за одмрзнување” е материјал кој се користи за заштита или за намалување на слана/мраз на коловозите и ги прават помалку лизгави во зимски услови.

7. „Сообраќајни незгоди“ е настан на патот во кој учествувале најмалку едно возило во движење во кој има повредени лица или од истиот е предизвикана материјална штета.

II. МЕРКИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

Член 3

Одржувањето на јавните патишта се врши со преземање на потребни мерки со кои се обезбедува:

- континуираност и целосност на коловозот;
- непрекинат, сигурен и слободен сообраќај во согласност со условите пропишани со Законот за јавните патишта, техничките норми, стандарди, спецификациите и прописите за безбеден патен сообраќај;
- намалување на трошоците за корисниците на патиштата и
- зачувување на вредноста на патишта.

Член 4

Мерките за извршување на работите околу одржувањето на патот се утврдени во зависност од:

- видот на пат;
- функција на патот во мрежата на државните патишта и
- обемот на сообраќај.

Член 5

Со цел да се обезбеди зачувување на употребната вредност на јавните патишта за безбеден и непречен сообраќај истите треба редовно да се одржуваат.

Член 6

Одржувањето на јавните патишта се врши со преземање на мерки кои се однесуваат на:

- периодично одржување,
- редовно одржување,

- зимско одржување и
- интервентно одржување.

При периодичното одржување се преземаат мерки во интервали од неколку години, со кои се овозможува продолжување на употребната вредност на патната инфраструктура и безбедносната опрема и/или мерки кои овозможуваат патот да ги издржи зголемените осовински оптеретувања или зголемените брзини и тоа:

- надградба и поправка на дотраени коловози,
- санација на свлечишта и заштита на трупот на патот,
- решавање „црни точки“ и уредување приклучоци,
- обнова и дополна на сообраќајна сигнализација и опрема (со подготвен проект и одобрение),
- садење заштитни шумски појаси и хортикултура и
- санирање и зајакнување мостови.

При редовното одржување се преземаат мерки во текот на годината заради обезбедување на услови за безбедно користење и употреба на патот и тоа:

- тековно одржување (санација на ударни дупки, санирање слегнувања на асфалтни површини, санирање коловози, санирање попречни набори и пукнатини, санирање на лизгави површини),
- ископ на патни канавки,
- одржување вертикална и хоризонтална сигнализација и
- поставување и одржување на заштитни оградни и обложни мрежи.

При зимското одржување се преземаат мерки потребни за обезбедување на континуираност и безбедност на сообраќајот во текот на зимски временски услови и тоа:

- организирање на зимска служба (потребен број луѓе за дежурства, соодветни простории за луѓето и материјалите),
- димензионирање на возила, градежна механизација и специјална опрема според интензитетот на падавините, должина на патна мрежа по приоритет, степени на приправност, искуство и др.),
- набавка на материјали за зимско интервенирање (сол-натриев хлорид, абразивни материјали и друго и
- организирање на информативен центар.

При интервентното одржување се преземаат мерки во итни случаи за извршување на сообраќајот и за поправки на патот после оштетувањето предизвикано од непредвидени настани и тоа:

- обезбедување на микролокацијата на елементарната непогода или непредвиден настан со: луѓе, сообраќајни знаци, бариери или друго физичко обезбедување,
- итно расчистување на патот од последиците на елементарната непогода,
- изработка на девијација за времено одвивање на сообраќајот (ако има потреба и услови),
- пренасочување на сообраќајот по други патишта (според приликите на лице место) и
- во зависност од потребите се врши времено оспособување на патот кај критичната микролокација, во период до квалитетно оспособување на истата (санација на штети од елементарни непогоди и слично).

Член 7

Одржувањето на улиците како дел од државните патишта, доколку транзитираат низ населени места во општините и градот Скопје, се однесува на преземање на мерки на коловозната површина и сообраќајната сигнализација (обележување и знаци) кои му служат на патот, а за останатите елементи од улицата, како дел од државните патишта се применуваат мерки за одржување како за локалните патишта и улици.

Член 8

Одржувањето на државните патишта се врши врз основа на План за одржување на јавните патишта (во натамошниот текст: план) како дел од Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на јавните патишта.

Член 9

Планот кој се однесува на одржувањето на јавните патишта треба да ги содржи најмалку следните информации:

- состојба на патиштата на почетокот на годината;
- цели и стандарди кои треба да се постигнат;
- инвестиции и финансиски план;
- оправданост на проектите за периодично одржување и
- предвидени услови проценети за крајот на годината со примена на инвестициона опција.

Член 10

Во Планот се предвидени мерки за негово спроведување, со детален опис за секое одржување, локацијата, видот на работите, трошоците и финансиските средства со одредени рокови за нивно извршување.

Член 11

Извештајот за реализација на планот за одржување на државните патишта содржи податоци за планираните, извршените односно неизвршените мерки.

Член 12

Постојаната контрола на одржувањето на јавните патишта се врши најмалку во следните интервали:

- двапати дневно на автопатишта и екпресни патишта;
- дневно на магистрални патишта каде што има повеќе од 3000 возила/ден;
- двапати неделно на регионални патишта од прва и втора категорија каде што има повеќе од 3000 возила/ден и
- еднаш неделно за регионални патишта од прва и втора категорија каде што има помалку од 3000 возила/ден.

Бројот на контролите може да се зголеми во тешки услови, посебно во лоши временски услови, зимски услови или незгоди, за да се обезбеди сигурен и безбеден сообраќај.

За извршените контроли еднаш месечно се доставува извештај до Агенцијата за државни патишта најдоцна до 15 во месецот за претходниот месец.

Член 13

Сезонската контрола на одржувањето на јавните патишта се врши во есен и пролет за да се оцени состојбата на патот, патниот појас и состојбата на објектите на патот преку визуелен преглед и тоа на:

- оштетувањата на коловозот;
- оштетувањата на банкините;
- состојбата на објектите за одводнување;
- состојбата и изгледот на знаците и обележувањата;
- зелените површини покрај јавните патишта;
- косините и
- патната опрема.

Сезонската контрола што се врши во есен е основа за утврдување на планот за одржување на јавните патишта.

Сезонската контрола во пролет се врши со цел да се провери и потврди годишниот план, согласно со оштетувањата на патот и проблемите кои се јавиле во текот на зимскиот период.

За извршените сезонски контроли се доставува извештај до Агенцијата за државни патишта, најдоцна 30 дена од денот на извршената контрола.

Член 14

Годишните контроли на објектите на патот опфаќаат мерки врз основа на кои се утврдуваат можните проблеми и неправилности (оштетувања), врз основа на што се утврдуваат потребните мерки за редовно одржување на објектите и тоа на:.

- оштетувањата на коловозот и пешачка патека;
- состојбата на површината на конструктивните елементи;
- состојбата на системот за одводнување;
- состојбата на спојници;
- состојбата на огради, заштитни огради и ивичници;
- состојбата на металните елементи на конструкциите и
- елементите околу конструкцијата.

За извршените годишни контроли се доставува извештај до Агенцијата за државни патишта до крајот на јануари во тековната година за претходната година.

Член 15

Контролата на коловозите на државните патишта се извршува на секои три години и ги вклучува следните мерки:

- визуелен преглед на оштетувањата на коловозот, преку мануелни, полуавтоматски или автоматски прегледи/мерења;
- мерења на отстапувања со автоматизирана опрема за надзор;
- мерења на коефициентот на рапавост на коловозната површина со автоматизирана опрема и
- мерења на рапавост, преку мануелна или автоматизирана опрема за преглед.

Извештајот за контролите на коловозите треба да биде изготвен не подоцна од еден месец по извршената контрола.

Член 16

Редовните контроли на објектите на државните патишта се извршуваат секои пет години, или после вонредни поправки, сообраќајни незгоди или вонредни временски услови.

Извештајот за констатираната состојба на објектите на државните патишта треба да биде составен не подоцна од еден месец по извршениот преглед.

Од констатираната состојба при редовната контрола се утврдува потребата за извршување на вонредна контрола.

Член 17

Вонредната контрола на елементите и објектите на патот може да биде извршена:

- доколку тоа е утврдено со годишната контрола;
- после сообаќајни незгоди;
- пред и после поминувања на вонредни товари и
- после елементарни непогоди (земјотреси, поплави итн.).

Извештајот за извршената вонредна контрола треба да биде изготвен не подоцна од еден месец по извршување на истата.

III. АКТИВНОСТИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

Член 18

Периодичното одржување на јавните патиштата ги опфаќа следните активности:

- периодично реновирање на коловозната површина како и слоевите од коловозната конструкција;
- зајакнување и вградување на нов завршен слој на коловозот;
- ремонт и модернизација на коловозната конструкција;
- подобрување на системот за одводнување;
- заштита од ерозија на насипите, одронувања на карпи и поставување на потребни системи за заштита;
- обнова на конструкции, доколку конструктивниот систем и материјалите не се променети (замена и обнова на коловозот, водонепропусниот слој, спојки, одводнување, заштитна ограда, странични ѕидови, столбови, горниот строј на коловозот, заштита и потпорни ѕидови, тунелски цевки, анкерување на нестабилни делови од тунелското осветлување и замена на пропусти и мостови со отвори до 10м);
- поправка и замена на сигнализацијата и патната опрема доколку конструктивниот систем и материјалите не се променети и
- подобрување на геометријата на патната сигнализација во услови на корегирање на кривини со должина до 1 км и постапката треба да се изведе доколку за ова подобрување не е потребна експропријација на земјиште.

Извршувањето на активностите од став 1 на овој член предвидени со Планот за одржување на јавните патишта, се врши според Главен проект изготвен согласно стандардите, прописите и техничките елементи за изградба на патишта, кои се во сила.

Член 19

Редовното одржување на јавните патишта ги опфаќа следните активности:

1. Чистење на коловозите и јавните површини;
2. Поправка на коловозната површина;
3. Одржување на банкините, заштита на косините, насипи, усеци, засеци, чистење и водење грижа за објектите за одводнување на патот, прифатни канавки и патни дренажи;
4. Обновување и заштита на огради, сигурносни рампи и заштитна мрежа и останата опрема на патот;
5. Чистење, поставување, заменување, обновување или заштита на хоризонталната и вертикалната сигнализација на патот;
6. Одржување на електричните инсталации-замена на прегорени сијалици во тунелите, клучките / крстосниците, патариниte и останатите осветлувања на патот;
7. Одржување на инсталации, уреди и опрема;
8. Обележување на патиштата;
9. Контрола на вегетација косење на трева, аранжирање и одржување на зелените појаси и насади/растенија на страничната површина на патот и
10. Одржување на објектите на патот.

Член 31

Работите на редовно одржување треба да се извршуваат на начин при што најмалку на една сообраќајна лента може да се обезбеди нормален и безбеден сообраќаен проток.

Местото на изведување на работите треба да биде јасно означено и обезбедено со соодветна сообраќајна сигнализација, и останати соодветни средства со цел навремено да се известат корисниците на патот за извршување на работите на редовно одржување и можните опасни ситуации.

Член 21

Редовното одржување на коловозната површина опфаќа чистење на целиот коловоз и патниот појас.

Чистењето на коловозот и патниот појас претставува постојана активност која опфаќа отстранување на препреки како земја, камења, мртви животни или предмети, како и опасни течности со кои се зголемува лизгањето, како масло и слично, за да се обезбеди сигурен и безбеден сообраќај.

Чистењето на коловозот на автопатиштата и магистралните патишта треба да започне за максимум 8 часа и 24 часа за регионалните патишта, откако ќе биде забележана некоја нерегуларност од страна на контролните органи.

Чистењето на јавните површини (паркиралишта, одморалишта и др.) треба да започне за максимум 3 дена откако ќе биде забележана некоја нерегуларност од страна на контролните органи.

Член 22

Поправка на коловозната површина претставува континуирана активност со цел да се заштити од понатамошна деградација со поголем обем.

Поправката на коловозната површина (оштетувања) треба да започне за максимум 12 часа за автопатиштата и експресни патишта, 24 часа за магистрални патишта и 48 часа за регионалните патишта откако ќе биде забележано оштетувањето од страна на контролните органи. За макадамски и земјени патишта, поправка на коловозите (оштетувањата) треба да започне за максимум 5 дена откако ќе биде забележено оштетување од страна на контролните органи.

Поправка на јавните површини (паркиралишта, одморалишта и др.) треба да започне за максимум 15 дена откако ќе биде забележано некое оштетување од страна на контролните органи.

Поправка на ударните дупки и оштетувањата на коловозната површина на патиштата со густ сообраќај треба да биде испланирана во временски периоди кога сообраќајот е помал за застојот да може да се сведе на минимум.

Ударните дупки и оштетувањата на коловозната површина треба да бидат исчистени и обновени со соодветни материјали согласно стандардите и нивото на постоечкиот коловоз.

Во текот на работите на поправка на асфалтната коловозна површина, материјалите кои се користат за поправка на оштетувањата треба да бидат исти со оние со кои е изградена конструкцијата. Макадам, чакал и кршен камен се користат за поправка на макадамски и земјени патишта.

Во случај на лоши временски услови, каде соодветната поправка не може да се изведе на време, треба да се изврши привремено поправање, кога е прифатливо да се употреби материјал со послаб квалитет.

Привремената поправка не треба да стои подолго од 48 часа. Привремента поправка со ладна мешавина во текот на ладно време може да остане на тоа место до наредната градежна сезона и ќе се третира во текот на работите на сезонско одржување на пролет.

Во случај да се вградуваат инсталации преку патот, инсталациите треба да бидат поставени така што ќе предизвикаат минимално оштетување на коловозната површина, при што треба да се избегнува копање таму каде што е можно.

По завршувањето на работите од став 9 на овој член патот треба да се доведе во првобитната состојба, на соодветно ниво и без останати празнини на спојувањата.

Поправката после копањето за поставување на инсталациите треба да се изведе во согласност со условите определени од Агенцијата на начин на кој подоцна ќе се избегне свлекувањето на земјиштето, а конструкцијата на коловозот треба да биде така изведена да се користат истите материјали како тие што се наоѓаат на терен.

Изведувањето на работите на коловозната површина треба бидат означени на соодветен и пропишан начин. Ако работата се извршува во фази, треба да се постави привремено обележување. Привременото обележување треба да остане во текот на работењето и треба да се замени со конечна сигнализација кога ќе се завршат сите работи и откако ќе се отстранат сите постројки и материјали.

Член 23

Одржувањето на банкините треба да обезбеди банкините да се на исто ниво како и коловозната површина на патот, или пониско за 5 см од нивото на коловозот. Нагибот на банкината на повисоката страна на коловозната површина треба да биде помеѓу 4% и 8% кон надворешната страна. Нагибот на банкината на пониската страна на коловозната површина треба да биде повеќе од 4% (за асфалтирани банкини) и 7% (за неасфалтирани банкини). Пополнувањето на банкините се изведува со исти или слични материјали како материјалите употребени за изградба.

Одржувањето на околните земјени работи во засеците треба да се изврши така што ќе се зачуваат почетните косини и стабилноста на наклоните. Нестабилните карпи, кои предизвикуваат ризик од лизгање треба да бидат отстранети од косините. Оштетените уреди за одржување на стрмни косини (жици и мрежи) треба да бидат заменети максимум за 30 дена.

Одржување на системот за одводнување опфаќа чистење и обновување на одводните канали, риголи, пропусти, филтерски слоеви, цевки, слоеви од седиментни материјали и разделни слоеви. Овие работи треба така да се изведуваат без да влијаат на одводнувањето на околниот терен. Во случај кога има поткопување на темели и лежишта, поправката треба веднаш да се изврши. Поправката и замената на испусти и сливници (вклучувајќи ги и тампоните) треба да се изврши во текот на сезонското редовно одржување, согласно резултатите добиени од сезонските прегледи.

Во случај на оштетување на ивичњаците долж коловозната површина, оштетувањата на ивичњаците треба да се заменат или обноват, сите празнини во ивичњаците треба да се пополнат за да се добие континуирана површина.

Член 24

Чистењето, заштитата и боењето на оградите, столбовите и столбчињата за насока треба да се извршува како дел од сезонското одржување.

Оштетените или уништените огради и столбови треба да бидат поправени или заменети максимум за 7 дена на автопатиштата и екпресните патишта, 14 дена на магистралните патишта и 21 ден за регионалните патишта, откако контролниот орган ќе ја забележи нив-

ната незадоволителна состојба, на сите места каде што нивното присуство е задолжително. Додека не се поправат или заменат, овие места треба да бидат јасно обележани и заштитени со соодветна сообраќајна сигнализација дефинирани со соодветна регулатива..

Столбчињата за насока треба редовно да се чистат, поставуваат и заменуваат како дел од сезонското одржување.

Член 25

Знаците поврзани со референтниот систем, каменитe ивичници и слично треба да бидат исчистени, поставени, обновени и обоени како дел од сезонското одржување.

Вертикалните сообраќајни знаци треба да бидат чисти и видливи и тоа треба да се извршува како дел од сезонското одржување.

Оштетените знаци кои означуваат опасност или забрана/ограничување на сообраќајот треба веднаш да се заменат а не подоцна од 24 часа откако контролниот орган ќе го констатира тоа и ќе достави известување за недозволената состојба.

Другите оштетени знаци треба да се заменат во период од еден месец.

Сообраќајните светла треба да бидат чисти, заштитени и видливи и тоа треба да се извршува како дел од сезонското одржување. Замена или поправка на оштетените светла треба да се изврши во период од 7 дена откако контролниот орган ќе достави известување за нивната незадоволителна состојба.

Член 26

Оштетените делови на светлосните уреди, вклучувајќи ги и сијалиците во тунелите, треба да бидат заменети најкасно за 7 дена откако контролниот орган ќе констатира и ќе достави известување за нивната незадоволителна состојба.

Осветлувањето во отворени зони треба да биде заменето за максимум 15 дена откако контролниот орган ќе констатира и ќе достави известување за нивната незадоволителна состојба.

Боењето и заштитата на деловите за осветлување е дел од сезонското одржување.

Член 27

Инсталациите ги вклучуваат телекомуникациската опрема, опрема за броење на сообраќајот, противпожарна опрема, опремата за следење на временските промени и останати слични уреди.

Одржувањето на инсталациите е дел од сезонското одржување и треба да се извршува секоја година пред почеток на зимската сезона.

Член 28

На сите асфалтирани патишта, проектирани за сообраќај во две насоки, сообраќајните ленти треба да бидат јасно поделени со бела линија во средината на коловозот, видлива во секое време.

Патиштата кои имаат повеќе од една сообраќајна лента потребно е да имаат средна лента, а патиштата со коловоз поширок од 6 м треба да имаат гранични ленти.

На автопатиштата, експресните и магистралните патишта, граничната линија треба да биде видлива во секое време.

Обележувањето треба да се изведува со рефлектирачки материјали кои се додаваат на бојата за сите автопатишта, експресни, магистрални и регионални патишта на кои има преку 3000 воз/ден. За сите останати државни патишта обележувањата може да се извршат без додавање на рефлектирачки материјали на бојата.

Невидливите/избришаните обележувања треба да се префарбаат со соодветна боја (вклучувајќи ги и рефлектирачките состојки) согласно годишната програма и тоа:

- за автопатишта, експресните и магистралните патишта со сообраќај поголем од 3000 возила/ден двапати годишно (првиот пат пред 15ти Јуни и вториот пат пред 15ти Ноември) и
- за останатите патишта во текот на програмата за сезонско одржување, пред 15ти Јули.

Член 29

Косењето на тревата од банкините е дел од сезонското одржување и треба да се извршува согласно потребите, а минимално двапати годишно.

Одржувањето на видливоста на патните сообраќајни знаци, знаци за информации и насоки е дел од мерките предвидени за периодично одржување и треба да се извршува најмалку двапати годишно.

Контролата на вегетацијата на останатите делови во заштитниот појас се извршува како дел од периодичното одржување и тоа еднаш годишно. Дрвјата не треба да ја попречуваат прегледноста, да го попречуваат или загрозуваат сообраќајот и треба да бидат поставени надвор од патниот појас.

Член 30

Редовното одржување на објектите на патот се состои од:

1. Чистење на:
- коловозот и пешачкиот премин;
- риголи, отвори, останати одводни системи и дилатациони споеви на мостови и вијадукти;
- одводниот систем и пропустите, филтрите и каналите на потпорните ѕидови;
- просторот над и под конструкцијата на 20 м од двете страни на конструкцијата и
- речното корито на 20 м од двете страни на конструкцијата.

2. Поправка на:
- оштетени коловози и пешачки патеки;
- оштетени сигурносни огради, одбојници и ивичници;
- мали оштетувања на површините на бетонот;
- мали оштетувања на бојата при користење на антикорозивни бои;
- оштетувања на потпорните/крилни ѕидови и
- мали ерозии, оштетувања на габионите или заштитните ѕидови на коритото и под обалниот столб.

3. Постојано отстранување на камења, земја, мраз и останати материјали од тунелските портали или потпорните ѕидови.

4. Редовно боење/фарбање на секои 5 години на внатрешните ѕидови на тунелите до висина на 2.5м од коловозот.

5. Редовно боење / фарбање на секои 7 години на металните елементи на мостовите.

Сите оштетувања треба да бидат поправени со употреба на соодветни материјали во согласност со спецификациите, стандардите и регулативите.

Чистење на спојниците (дилатационите фуги), локалните поправки и замената на камењата треба да се извршува согласно потребите, но најмалку еднаш годишно.

Во случај кога оштетувањата се пресериозни за поправање со редовното одржување и во случај кога е во прашање носивоста на мостовите, треба да се постават знаци за предупредување или ограничување на сообраќајот се додека не се поправи објектот како дел од планот за периодично одржување.

Член 32

Зимското одржување на јавните патишта треба да се извршува на таков начин кој цело време ќе обезбеди функционирање на патот и безбедност на сообраќајот и ги опфаќа следните активности:

- подготвителна фаза;
- организација и сигнализација на засегнатите места;
- заштита од опасни состојби;
- чистење на снегот и мразот од коловозот и од вертикалните знаци;
- посипување со сол и останати абразивни средства;
- заштита од навејување/наноси од снег;
- обележување на коловозите;
- осигурување од одлив на водата од коловозот;
- отстранување на блокирани возила и возила од сообраќајни незгоди од коловозот;
- поставување на знаци во случај на ограничувања на сообраќајот и
- информации за корисниците.

Член 33

Извршувањето на активностите за зимско одржување на јавните патишта се спроведува врз основа на годишен акционен план за зимско одржување кој содржи:

- места на приправност за зимско одржување;
- приоритети и стандарди;
- локации на депоата/складиштата за зимско одржување;
- датуми поврзани со подготовката, мобилизацијата и оперативните фази за секој сектор;
- проценка на потребниот персонал и опрема за чистење и посипување со одмрзнувачки материјали;
- проценка на количините на одмрзнувачки материјал и капацитетите во магацините;
- организација и контрола за секоја активност;
- услови каде /кога затворањето на патиштата ќе биде потребно за да не се загрозува безбедноста на сообраќајот;
- информативен систем за временска прогноза;
- систем за внатрешна комуникација со Агенцијата и ситемот за информации за корисниците на условите на патиштата и
- проценка на трошоците и финансиските потреби.

Годишниот акционен план за зимско одржување се изготвува најдоцна 45 дена пред почетокот на зимската сезона која трае од 15 ноември до 15 март.

Член 34

Извршувањето на активностите за зимско одржување зависи од локацијата и временските услови. Годишниот акционен план за зимското одржување опфаќа четири степени на подготвеност:

- првиот степен опфаќа подготвеност на персоналот и на опремата во прифатлив број, со цел тимовите за зимско одржување / зимска служба бидат спремни за интервенција во секое време;
- вториот степен опфаќа подготвеност за интервенција на тимови за зимско одржување со чистење, посипување со сол и сите останати активности за зимско одржување кога температурата осцилира околу 0 степени со можност од врнежи од снег и појава на мраз;
- третиот степен опфаќа подготвеност за постојаната интервенција, во случај кога има подолго време на паѓање на снег и
- четвртиот степен опфаќа подготвеност за интервенција во вонредни ситуации, каде вкупниот број на тимовите за зимско одржување не може да ги покрие сите потреби и треба да се повика додатна екипа за работа.

Член 35

Активностите за зимско одржување се извршуваат:

- најмалку на една лента од 3м во секоја насока на автопат и експресен пат веднаш откако ќе престане да паѓа снег, за да се прошири до 6 м во секоја насока;
- на ленти со 6 м широчина на делниците на магистралните и регионалните патишта по приоритет I;
- на ленти со 5 м широчина на делниците на магистралните и регионалните патишта по приоритет II и
- на ленти со 5 м широчина, со првата лента од 3м широчина и места за престигнување во согласност со правилата и достапноста на ресурси за делниците по приоритет III и IV.

Интервенцијата на тимовите за зимско одржување, со горните широчини на сообраќајните ленти треба да завршат во следните рокови:

- 5 часа откако ќе престане да паѓа снегот во долински пределi по приоритет I, за да се прошири до конечната ширина за 24 часа откако ќе престане да паѓа снег;
- 6 часа за сите патишта во случај да паѓа град;
- 8 часа откако ќе престане да паѓа снегот во планините по приоритет I;
- 12 часа за патиштата по приоритет II и
- 24 часа за патиштата по приоритет III и IV.

Блокирањето на сообраќајот зависи од категоријата на патот според следниот приоритет:

- за приоритет I, блокирањето не е дозволено;
- за приоритет II, блокирањето може да изнесува 2 часа, помеѓу 22 и 05 часот;
- за приоритет III, блокирањето може да изнесува 5 часа помеѓу, 20 и 05 часот.

Член 36

Отстранување на снегот од коловозот и местата наменети за користење на возилата кои се исклучени од сообраќајот треба да започне пред височината на снегот да достигне 10 см за патишта по приоритет I и II или 15 см за останатите патишта и пред возењето да стане невозможно дури и со употреба на зимска опрема за возила.

Патиштата по приоретет III и IV треба да се одржуваат проодни се додека е ова рационално, потоа би требало да се затворат. Патиштата по приоритет III и IV треба повторно да се отворат кога ќе се подобрат временските услови.

Патиштата се сметаат за проодни дури и доколку сообраќајот е попречен со остатоци од снег на коловозот или дури и кога има слој од натрупан снег кој делумно го покрива коловозот, и исто така во случај каде коловозот е делумно стеснет па тоа се одразува врз сообраќајот или е потребен еднонасочен сообраќај.

Член 37

Условите на коловозот мора постојано да се контролираат од слана/мраз, посебно во критичните делови/реони, кои се препознаваат како такви од претходното искуство. Во вакви реони спаѓаат острите кривини, стрмни косини, мостови, области каде има сенка (посебно во шуми и близу коритата на реките), железнички премини, патни премини и вкрстувања и тн.

Потребно е да се извршува претпазливо посипување на материјали за одмрзнување на такви локации или веднаш откако ќе се примети мраз на коловозната површина. Сообраќајните знаци за предупредување треба да бидат поставени на локации каде што постојано се формира мраз и се особено опасни за сообраќајот поради општите карактеристики на патот во тој реон.

На патиштата или подолгите делници на патиштата каде планот за зимско одржување бара претпазливо посипување, таквото посипување треба да се изведе веднаш штом веројатноста за формирање на слана/мраз стане доволна голема. Ова се однесува на сите приоритетни категории на патишта.

Член 38

Интервентното одржување ја вклучува организацијата и спроведувањето на одржувањето и на регулирањето на сообраќајот надвор од редовниот планот за одржување, за работа и работните часови.

Во случај на неочекуван настан (еколошки, земјотрес, временска или сообраќајна незгода), изведувачот на редовното одржување треба да е известен од страна на контролните органи, поединци или од страна на други информативни средства.

Изведувачот го заштитува местото со поставување на соодветни сообраќајни знаци и усмено или писмено да ја извести Агенцијата, одредувајќи ја локацијата, видот на настанот, првите извршени мерења и проценка на трошоците и средствата кои се однесуваат на проблемот.

Член 39

Изведувачот кој е одговорен за редовното одржување треба да изготви проценка на трошоци за да го врати патот во прифатливи услови во рок од 24 часа и треба да започне со извршување на работите веднаш.

Ако вонредниот настан не може да се реши со акции од редовното одржување, или ќе биде потребно подолго време за поправка, изведувачот изготвува предлог за целосно или делумно затворање на патот или за ограничување на сообраќајот. Откако ќе се добие одобрување за овој предлог, релевантните знаци и евентуалните пренасочувања на сообраќајот треба да бидат поставени од страна на изведувачот.

IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 40

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-14112
25 ноември 2008 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
Миле Јанакиески, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

3148.

Врз основа на член 166 став 1, член 166 став 4 и член 171 став 2 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 53/05, 81/05 и 24/07), министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на финансиите, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И РОКОВИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ, ПРЕСМЕТУВАЊЕ, УПЛАТУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ; НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ВОДЕЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ПРЕСМЕТАНИОТ И УПЛАТЕНИОТ НАДОМЕСТОК; ЗА СОДРЖИНАТА, НАЧИНОТ И РОКОВИТЕ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ОБВРЗНИЦИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за начинот, постапката и роковите за утврдување, пресметување, уплатување на надоместоците; начинот и постапката за водење, одржување и чување на евиденцијата за пресметаниот и уплатениот надоместок; за содржината, начинот и роковите за воспоставување, одржување и водење на евиденцијата на обврзниците, како и начинот на доставување на податоците за водење на евиденцијата („Службен весник на Република Македонија” б. 115/05), во член 2 став 1 по зборот „член”, се додава бројот „182”.

Член 2

Во насловот на членот 5 зборот „Тромесечен”, се заменува со зборот „Шестмесечен”.

Член 3

Во членот 5, став 1 зборот „три“ се заменува со зборот „шест“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„(2) Известувањето од став 1 од овој член обрзникот го доставува во електронска и пишана форма и тоа за уплатениот надоместок за месеците:

- јануари, февруари, март, април, мај и јуни обврзникот го доставува најдоцна до 30 јули во тековната година;

- јули, август, септември, октомври, ноември и декември во претходната година, обврзникот го доставува најдоцна до 30 јануари во тековната година;”.

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Обврзникот треба да води, одржува и чува, уредна и точна евиденција на финансискиот документ за кој се плаќа надоместокот”.

Член 4

Во членот 6, ставот 3 се брише.

Член 5

Прилог бр.2 и Прилогот бр.3 се заменуваат со нов Прилог бр.2 и нов Прилог бр.3, кои се составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-5922/4
10 ноември 2008 година
Скопје

Министер
за животна средина и
просторно планирање,
д-р **Нецати Јакупи**, с.р.

Бр.02-42840/2
26 ноември 2008 година
Скопје

Министер
за финансии,
д-р **Трајко Славески**, с.р.

ПРИЛОГ 2

ОБРАЗЕЦ БР. 2

0* Број на известувањето	0*
1* Евиденционен број	1*

2* Назив/Фирма	3* Седиште	4* Единствен даночен број и бројот на деловниот субјект	5* Назначување на шестмесечието за кое се доставува известувањето за кое се води евиденцијата	6* Лице за контакт за известувањето
2*	3*	4*	5*	6*

7* ВИД НА НАДОМЕСТОКОТ	
7.1* Вид на надоместокот	7.2* Вкупен износ надоместокот (поединечно по вид на надоместок)
7.1*	7.2*
7.1*	7.2*
7.1*	7.2*
7.3* ВКУПНО УПЛАТЕНИ НАДОМЕСТОЦИ ЗА ПОСЛЕДНИТЕ ШЕСТ МЕСЕЦИ	7.3*

8* ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК			
8.1* Вид на надоместокот	8.2* Известување со кое бара ослободување	8.3* Број на решение за ослободување	8.4* Висина на ослободувањето од плаќање на надоместокот (поединечна вредност)
8.1*	8.2*	8.3*	8.4*
8.1*	8.2*	8.3*	8.4*
8.1*	8.2*	8.3*	8.4*
		8.5* ВКУПНО	8.5*

9* НАДОМЕСТОК КОЈ НЕ СЕ ПРЕСМЕТУВА				
9.1* Вид на надоместок	9.2* Број на фактура во која е прикажан надоместокот	9.3* Бројот на извозна царинска декларација	9.4* Висина на надоместокот кој не се пресметува (поединечна вредност)	9.5* Висина на надоместок кој не се пресметува (вкупно по вид на надоместок)
9.1*	9.2*	9.3*	9.4*	9.5*
9.1*	9.2*	9.3*	9.4*	9.5*
9.1*	9.2*	9.3*	9.4*	9.5*
			9.6* ВКУПНО	9.6*

Место, Дата

Потпис на
одговорното лице

_____,____/____/___година , **мп.** **_____**

УПАТСТВО

за пополнување на Образецот бр. 2 (Образец за водење, одржување и чување на евиденцијата за уплатениот надоместок, за ослободување од плаќање надоместок и за надоместок кој не се пресметува за секое претходно тромесечие)

<table>
<tr><td>Податок 0*</td><td>Се внесува шифрата за шестмесечието за кое се доставува, редоследниот број на образецот, и годината (Пример И-01-2008)</td></tr>
<tr><td>Податок 1*</td><td>Се внесува евиденциониот број за животна средина утврден согласно евиденцијата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина</td></tr>
<tr><td>Податок 2*</td><td>Се внесуваат податоци за називот на лицето согласно податоците запишани во трговскиот регистар</td></tr>
<tr><td>Податок 3*</td><td>Се внесуваат податоци за седиштето на лицето согласно податоците запишани во трговскиот регистар</td></tr>
<tr><td>Податок 4*</td><td>Се внесува Единствениот даночен број на лицето и бројот на деловниот субјект од известувањето од Заводот за статистика</td></tr>
<tr><td>Податок 5*</td><td>Се внесува шифрата за шестмесечието за кое се доставува известувањето за кое се води евиденцијата, и тоа:
<table>
<tr><th>Тромесечие</th><th>Шифра</th></tr>
<tr><td>за месеците јануари, февруари, март, април, мај и јуни</td><td>I</td></tr>
<tr><td>за месеците јули, август, септември, октомври, ноември и декември во претходната година.</td><td>II</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>Податок 6*</td><td>Се внесуваат податоци за одговорното лице задолжено за подготовка на известувањето</td></tr>
<tr><td>Податок 7.1*</td><td>Се внесува шифрата односно шифрите за видот на надоместокот кој го уплатил лицето и тоа:
<table>
<tr><th>Вид на надоместок</th><th>Шифра</th></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина за добивање дозвола за увоз на употребувани производи, стоки и отпадоци и остатоци од олово, пепел и остатоци што содржат главно олово, отпадоци и остатоци од потрошени примарни ќелии, потрошени примарни батерии и потрошени електрични акумулатори и отпадоци и остатоци што содржат олово</td><td>ЖУ-01</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина за добивање на дозвола за извоз на делови собрани од природата</td><td>ПИ-01</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина за добивање на дозвола за увоз на супстанци што ја осиромашуваат озонската обвивка</td><td>ЖУ-02</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина за управување со индустриски неопасен отпад</td><td>ОД-03</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина за производство на пластични производи и амбалажа од пластични маси</td><td>ОП-02</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина за увоз на пластични производи и амбалажа од пластични маси</td><td>ОУ-05</td></tr>
</table>
Се внесува шифрата за секој надоместок поединечно</td></tr>
<tr><td>Податок 7.2*</td><td>Се внесува вкупно уплатениот износ на надоместокот. Податоците се внесуваат како збирен износ за секој вид на надомест определен согласно податокот 7.1* поединечно. Вкупниот износ се пресметува поединечно за последните шест месеци.</td></tr>
<tr><td>Податок 7.3*</td><td>Се внесува вкупниот збир на платениот износ за сите надоместоци за последните шест месеци.</td></tr>
<tr><td>Податок 8.1*</td><td>Се внесува шифрата односно шифрите за видот на надоместокот за кој се прикажува ослободувањето, согласно шифрата на надоместокот од податок 7.1*</td></tr>
<tr><td>Податок 8.2*</td><td>Се внесува бројот на известувањето со кое обврзникот барал ослободување од плаќање надоместок</td></tr>
<tr><td>Податок 8.3*</td><td>Се внесува бројот на решението со кое обврзникот се ослободува од плаќање на надоместок</td></tr>
<tr><td>Податок 8.4*</td><td>Се внесува висината на ослободувањето од плаќање за секој вид на надоместок поединечно</td></tr>
<tr><td>Податок 8.5*</td><td>Се внесува вкупниот збир на ослободувањето од плаќање на надоместок за последните шест месеци</td></tr>
<tr><td>Податок 9.1*</td><td>Се внесува шифрата односно шифрите за видот на надоместокот кој не се пресметува, согласно шифрата на надоместокот од податок 7.1*</td></tr>
<tr><td>Податок 9.2*</td><td>Се внесува број на фактурата во која е прикажан надоместокот</td></tr>
<tr><td>Податок 9.3*</td><td>Се внесува бројот на извозна царинска декларација</td></tr>
<tr><td>Податок 9.4*</td><td>Се внесува висината на надоместокот кој не се пресметува и тоа вкупно за секој вид на надоместок поединечно</td></tr>
<tr><td>Податок 9.5*</td><td>Се внесува вкупната висина на надоместокот кој не се пресметува и тоа вкупно за секој вид на надоместок поединечно</td></tr>
<tr><td>Податок 9.6*</td><td>Се внесува вкупната висина на надоместоците кои не се пресметуваат за последните шест месеци</td></tr>
</table>

ОБРАЗЕЦ БР. 3

1* Назначување на годината за која се подготвува/доставува извештајот		1*

2* Евиденционен број	3* Единствен Даночен број и број на деловниот субјект	4* Назив/Фирма	5* Седиште	6* Вид на надоместок	7* Висина на надоместокот (поединечна вредност)	
2*	3*	4*	5*	6*	7*	
2*	3*	4*	5*	6*	7*	
8* Еидентирани надоместоци по вид на надоместок					ЖУ-01	8*
					ПИ-01	8*
					ЖУ-02	8*
					ОД-03	8*
					ОП-02	8*
					0У-05	8*
8.1* Вкупно евидентирани надоместоци – збирен износ на сите уплатени надоместоци						8.1*
9 * Евидентирани ослободувања од плаќање на надоместок по вид на надоместок					ЖУ-01	9*
					ПИ-01	9*
					ЖУ-02	10*
					ОД-03	10*
					ОП-02	10*
					0У-05	10*
9.1* Вкупно евидентирани ослободувања од плаќање на надоместок - збирен износ на сите ослободувања						9.1*
10 * Евидетирани надоместоци кои не се пресметуваат по вид на надоместок					ЖУ-01	10*
					ПИ-01	10*
					ЖУ-02	10*
					ОД-03	10*

	ОП-02	10*
	0У-05	10*
10.1 * Вкупно евидетирани надоместоци кои не се пресметуваат – збирен износ на сите непресметани надоместоци		10.1*
11* ВКУПНО ЕВИДЕНТИРАНИ НАДОМЕСТОЦИ		11*

12 * Лице за контакт за известувањето	12*

Место, Дата

Потпис на
одговорното лице

_____,___/___/__година , **мп.** **_____**

УПАТСТВО

за пополнување на Образецот бр.3 (Образец за водење и доставување на годишен консолидиран извештај за евиденција на обврзниците за плаќање н надоместоците и за вкупно уплатени надоместоци, ослободување од плаќање надоместок и за надоместокот кој не се пресметува)

<table>
<tr><td>Податок 1*</td><td>Се внесува годината за која се подготвува/доставува извештајот</td></tr>
<tr><td>Податок 2*</td><td>Се внесува евиденциониот број за животна средина утврден согласно евиденцијата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина</td></tr>
<tr><td>Податок 3*</td><td>Се внесува Единствениот даночен број на лицето и бројот на деловниот субјект од известувањето на Заводот за статистика</td></tr>
<tr><td>Податок 4*</td><td>Се внесуваат податоци за називот на лицето согласно податоците запишани во трговскиот регистар</td></tr>
<tr><td>Податок 5*</td><td>Се внесуваат податоци за седиштето на лицето согласно податоците запишани во трговскиот регистар</td></tr>
<tr><td>Податок 6*</td><td>Се внесува шифрата односно шифрите за видот на надоместокот кој го уплатил лицето и тоа:
<table>
<tr><th>Вид на надоместок</th><th>Шифра</th></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина за добивање дозвола за увоз на употребувани производи, стоки и отпадоци и остатоци од олово, пепел и остатоци што содржат главно олово, отпадоци и остатоци од потрошени примарни ќелии, потрошени примарни батерии и потрошени електрични акумулатори и отпадоци и остатоци што содржат олово</td><td>ЖУ-01</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина за добивање на дозвола за извоз на делови собрани од природата</td><td>ПИ-01</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина за добивање на дозвола за увоз на супстанци што ја осиромашуваат озонската обвивка</td><td>ЖУ-02</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина за управување со индустриски неопасен отпад</td><td>ОД-03</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина за производство на пластични производи и амбалажа од пластични маси</td><td>ОП-02</td></tr>
<tr><td>надоместок за заштита на животна средина за увоз на пластични производи и амбалажа од пластични маси</td><td>ОУ-05</td></tr>
</table>
Се внесува шифрата за секоја уплата и за секој уплатен надоместок поединечно</td></tr>
<tr><td>Податок 7*</td><td>За секој евиденционен број се внесува вкупниот годишен износ за секој уплатен надоместок поединечно</td></tr>
<tr><td>Податок 8 *</td><td>Се внесува збирот на податоците од 7* за вкупно уплатениот износ на надоместокот како збирен износ (во Македонски денари)</td></tr>
<tr><td>Податок 8.1*</td><td>Се внесуваат податоци за вкупно евидентираните ослободувања од плаќање на надоместок по вид на надоместок (во Македонски денари)</td></tr>
<tr><td>Податок 9*</td><td>Се внесуваат податоци за вкупно евидентирани надоместоци кои не се пресметуваат по вид на надоместок (во Македонски денари)</td></tr>
<tr><td>Податок 9.1*</td><td>Се внесува збирот на податоците од 7* за вкупно уплатениот износ на надоместокот како збирен износ (во Македонски денари)</td></tr>
<tr><td>Податок 10*</td><td>Се внесува вкупниот износ на евдентираните ослободувања од плаќање на надоместокот и тоа по евиденционен број (во Македонски денари)</td></tr>
<tr><td>Податок 10.1*</td><td>Се внесува вкупниот износ на евидентирани надоместоци кои не се пресметуваат по Евиденциониот број како збирен износ (во Македонски денари)</td></tr>
<tr><td>Податок 11*</td><td>Се внесува вкупниот износ (во Македонски денари) на сите евидентирани надоместоци во годината за која се подготвува извештајот</td></tr>
<tr><td>Податок 12*</td><td>Се внесуваат податоци за одговорното лице задолжено за подготовка на известувањето</td></tr>
</table>

3149.

Врз основа на член 31 став 3 од Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 79//2007), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ВО ПОГЛЕД НА ПОТРЕБНАТА ОПРЕМА КОЈА ТРЕБА ДА ЈА ПОСЕДУВААТ ОВЛАСТЕНИ НАУЧНИ СТРУЧНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ КАКО И ДРУГИ ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА, ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ СТРУЧНИ РАБОТИ ЗА МОНИТОРИНГ НА БУЧАВА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови во поглед на потребната опрема која треба да ја поседуваат овластени научни стручни организации и институции како и други правни и физички лица, за вршење на определени стручни работи за мониторинг на бучава.

Член 2

Овластените научни, стручни организации и институции како и други правни и физички лица треба да поседуваат опрема за вршење на мониторинг на бучава која овозможува спроведување на сите мерења на бучава, и тоа лабораториско, и мерење во теренски услови.

Член 3

Опремата за вршење на мониторинг на бучава се состои од уреди за мерење на бучава кои можат адекватно да ги обработат резултатите од мерењата на бучавата и со автоматски приказ на резултатите можат да бидат испечатени веднаш по мерењето.

Опремата за мерење на бучавата треба да биде конструирана за одредување на јачина на звук со А-тежинска крива (LA) и директно или индиректно одредување на енергетско еквивалентно ниво на бучава (LAeq).

Член 4

Опремата за мониторинг на бучава треба да биде согласно националните и стандардите на Европската Унија, како и да има доказ за редовна калибрација.

Член 5

Опремата што ја поседуваат овластените научни, стручни организации и институции како и други правни и физички лица кои вршат мерење на бучава, треба да биде во согласност со последните современи научни и технички достигнувања.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-7972/1
1 декември 2008 година Министер,
Скопје д-р **Нецати Јакупи**, с.р.

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

3150.

Врз основа на член 101 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/05, 25/07 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 24.11.2008 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се дава согласност за именување на лицето Михајло Брова Зиков, магистер по деловна администрација роден на ден 17.12.1968 година во Скопје, за директор на Дирекцијата за вршење услуги со хартии од вредност на Комерцијална банка АД Скопје.

2. Согласноста за именување на Михајло Брова Зиков за директор на Дирекцијата за вршење услуги со хартии од вредност на Комерцијална банка АД Скопје се дава за период од шест години од денот на донесувањето на ова решение, согласно Одлуката бр. 02-100-18445 од 02.05.2008 година донесена од работоводниот орган на Комерцијална банка АД Скопје.

3. Согласноста за именување на Михајло Брова Зиков престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение, доколку лицето од точка 1 на ова решение биде разрешено од функцијата директор на Дирекцијата за вршење услуги со хартии од вредност на Комерцијална банка АД Скопје, со денот на одземање на согласноста за именување на директор од страна на Комисијата за хартии од вредност, и во други случаи утврдени со закон.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1755/7 Комисија за хартии од вредност
24 ноември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева–Кавракова**, с.р.

3151.

Врз основа на член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005, бр.25/2007 и 7/2008 година), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на 24.11.2008 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА

1. На Друштвото за градежништво Бетон АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност - втора емисија на 21.756 обични акции, во вреднсот од 5.561.921,4 евра односно 340.522.520,00 денари согласно Одлука бр.02-9324/5 од 30.10.2008 година за зголемување на основната главнина со влогови преку издавање на нови акции од втора емисија, по пат на приватна понуда донесена на Собранието на акционери на Бетон АД Скопје.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката бр.02-9324/5 од 30.10.2008 година за зголемување на основната главнина со влогови преку издавање на нови акции од втора емисија, по пат на приватна понуда.

3. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од 8 дена од реализацијата на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

4. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот на хартии од вредност во рок од три работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од пет работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот за хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

7. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-3301/14 Комисија за хартии од вредност
24 ноември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева–Кавракова**, с.р.

_____

3152.

Врз основа на член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 24.11.2008 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА

1. На Друштвото за осигурување АЛБСИГ АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда - втора емисија на 225.000 обични акции во вкупен износ на емисијата од 2.250.000 евра односно 137.600.775 денари по средниот курс на НБРМ на денот пред донесување на Одлуката бр. 19 од 25.09.2008 година за зголемување на основната главнина на друштвото - втора емисија на акции.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката бр. 19 од 25.09.2008 година за зголемување на основната главнина на друштвото - втора емисија на акции.

3. Рокот за реализација на емисијата на акции од точка 1 на ова решение изнесува 15 календарски дена од конечноста на ова решение.

4. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од 8 дена од реализацијата на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот на хартии од вредност во рок од три работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

6. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од пет работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот на хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

7. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

8. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-4199/6 Комисија за хартии од вредност
24 ноември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева–Кавракова**, с.р.

3153.

Врз основа на член 9 и член 27 („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2005, 25/2007 и 07/2008), Комисијата за хартии од вредност на седницата, одржана на ден 24.11.2008 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето на Друштвото за осигурување СИГАЛ АД Скопје за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда - втора емисија на акции се одобрува делумно.

2. На Друштвото за осигурување СИГАЛ АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност - 156 обични акции од втора емисија во вредност од 248.820 евра односно 15.221.340 денари, наменета за акционерите на Друштвото сопственици на обични акции, согласно Одлуката бр. 062/08 од 17.10.2008 година за зголемување на основната главнина од средства на друштвото - втора емисија, а во врска со Одлуката бр. 061/08 од 17.10.2008 година за трансформација на организациониот фонд во статутарна резерва на Друштвото за осигурување СИГАЛ АД Скопје.

3. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши обврските од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката бр. 062/08 од 17.10.2008 година за зголемување на основната главнина од средства на друштвото - втора емисија.

4. Рокот за реализација на емисијата на акции од точка 1 на ова решение изнесува 15 календарски дена од конечноста на ова решение.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од 8 дена од реализацијата на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

6. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот на хартии од вредност во рок од три работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

7. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од пет работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот на хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

8. Се одбива делот од Барањето на Друштвото за осигурување СИГАЛ АД Скопје кој се однесува на преобразба на добивката за 2007 година, согласно Одлуката бр. 062/08 од 17.10.2008 година за зголемување на основната главнина од средства на друштвото - втора емисија, а во врска со Одлуката бр. 031/08 на годишно собрание на акционери за употреба на добивка за деловна 2007 година.

9. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

10. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-4239/7 Комисија за хартии од вредност
24 ноември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева–Кавракова**, с.р.

3154.

Врз основа на член 151 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005, 25/2007 и 07/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 24.11.2008 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНЕН СОВЕТНИК

1. Се дава дозвола за работење на инвестиционен советник на Александар Павлески роден на ден 20.03.1981 година во Скопје.

2. Дозволата за работење на инвестиционен советник на Александар Павлески се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на инвестиционен советник на Александар Павлески престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение во случаите предвидени со член 213 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-4252/3 Комисија за хартии од вредност
24 ноември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева–Кавракова**, с.р.

_____

3155.

Врз основа на член 94 алинеи а), ѓ) и е), член 99 став 1 алинеја 1 и член 107 став 2 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 24.11.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА МЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО БР. 07-1764/6 ОД 02-07-2007 ГОДИНА ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕРСКА КУЌА

1. Во Решението бр. 07-1764/6 од 02-07-2007 година за давање дозвола за работење на брокерската куќа ВИП АД Скопје се менува точка 2 од изреката и гласи:

Брокерската куќа ВИП АД Скопје, согласно со член 94 од Законот за хартии од вредност ќе ги врши следниве работи:

- купување и продавање на хартии од вредност по налог и за сметка на клиентот;
- дејствување како покровител при котација;
- инвестиционо советување.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-4274/3 Комисија за хартии од вредност
24 ноември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева–Кавракова**, с.р.

_____

3156.

Врз основа на член 101 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/05, 25/07 и 7/08), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 24.11.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се дава согласност за именување на Сашо Дракуловски дипломиран економист од Скопје за директор на брокерската куќа ЕУРОХАУС АД Скопје, со седиште на ул. "Даме Груев" бр.5 зграда 1 влез 2 - мезанин, 1000 Скопје, Република Македонија.

2. Согласноста за именување на Сашо Дракуловски за директор на Брокерската куќа ЕУРОХАУС АД Скопје се дава за период од 4 (четири) години, согласно член 345 од Законот за трговски друштва.

3. Согласноста за именување на Сашо Дракуловски престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение, доколку биде разрешен од функцијата директор на брокерската куќа ЕУРОХАУС АД Скопје, со денот на одземање на согласноста за именување на директор од страна на Комисијата за хартии од вредност и во други случаи утврдени со закон.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-4280/4 Комисија за хартии од вредност
24 ноември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева–Кавракова**, с.р.

_____

3157.

Врз основа на член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.95/2005, бр. 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 24.11.2008 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА

1. На Акционерското друштво за осигурување Евроинс осигурување Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда - петта емисија на 2.786 обични акции во износ од 115.619.000 денари согласно Одлуката бр. 02-594/2 од 01.09.2008 година за зголемување на основната главнина на Евроинс осигурување АД Скопје со парични влогови, преку издавање на петта емисија на обични акции по пат на приватна понуда за институционален инвеститор.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката бр. 02-594/2 од 01.09.2008 година за зголемување на основната главнина на Евроинс осигурување АД Скопје со парични влогови, преку издавање на петта емисија на обични акции по пат на приватна понуда за институционален инвеститор.

3. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од 8 дена од реализацијата на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во Трговскиот регистар.

4. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот за хартии од вредност во рок од три работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од пет работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот за хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

7. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-4528/4 Комисија за хартии од вредност
24 ноември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева–Кавракова**, с.р.

3158.

Врз основа на член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 24.11.2008 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА

1. На Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда - втора емисија на 63.950 обични акции во вкупен износ на емисијата од 5.999.789 евра односно 368.459.642 денари по средниот курс на НБРМ на денот пред донесувањето на одлуката за зголемување на основната главнина на друштвото преку втора емисија на акции.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката 0201-1666/2 од 31.10.2008 година за зголемување на основната главнина на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД Скопје со издавање на нови акции што треба да се исплатат во пари по пат на приватна понуда на познат купувач.

3. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од 8 (осум) дена од реализацијата на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

4. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот на хартии од вредност во рок од 3 (три) работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од 5 (пет) работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот на хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

7. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-4531/6 Комисија за хартии од вредност
24 ноември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева–Кавракова**, с.р.

3159.

Врз основа на член 194 став 1 и 5 и член 206 став 1 точка ѓ) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ” бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), а во врска со член 115 став 1 и 2 и член 122 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 24.11.2008 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ИЗРЕКУВА привремена забрана на брокерската куќа “МОЈ БРОКЕР” АД Скопје за вршење на сите услуги со хартии од вредност за кои има добиено дозвола од Комисијата за хартии од вредност, во времетраење од 30 работни дена, поради повреда на член 115 став 1 и 2 и член 122 од Законот за хартии од вредност, односно строго непридржување и непотребно одложување на извршување на налози на клиенти во услови на постоење на пазарни услови за реализација на налог, и непочитување на член 16 став 2 од Правилата за тргување на Македонската берза АД Скопје каде е регулирано дека членката на берзата е должна да го реализира налогот од клиентот веднаш откако на пазарот се исполнети условите на налогот, односно кога состојбата на пазарот дозволува реализација на налогот и став 3 од член 16 од Правилата за тргување, каде е регулирано дека членката на берзата е должна да го реализира налогот согласно условите под кои тој налог бил даден, односно во најдобар интерес на клиентот и без непотребно одложување на реализиацијата на налогот, доколку условите на пазарот и условите во налогот дозволуваат склучување на трансакција.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВААТ Македонската берза АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје по приемот на ова Решение, а по истекот на привремената забрана изречена на брокерската куќа Мој Брокер АД Скопје со Решение на Комисијата за хартии од вредност број 08-3786/7 од 30-10-2008 година, привремено согласно точка 1 од изреката на ова решение, да ја исклучат од членство брокерската куќа “МОЈ БРОКЕР” АД Скопје додека трае забраната.

3. Жалбата не го одлага извршувањето на Решението.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на РМ”.

Бр. 08-3738/8 Комисија за хартии од вредност
24 ноември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева–Кавракова**, с.р.

УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3160.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/1992) на седницата одржана на 20 ноември 2008 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА членот 13-в став 1 точка 4 од Законот за Државен пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2007 и 81/2007).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод иницијатива поднесена од Стамен Филипов од Скопје, со Решение У.бр.184/2007 од 6 февруари и 17 септември 2008 година, поведе постапка за оценување на уставноста на одредбата од Законот означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека според членот 13-в став 1 точка 4 од Законот за Државен пазарен инспекторат,, член на Комисија може да се разреши ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело.

5. Според членот 8 став 1 алинеи 3 и 4 од Уставот на Република Македонија, владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Согласно членот 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според членот 68 став 1 алинеја 2 од Уставот, Собранието на Република Македонија донесува закони, а според членот 91 алинеи 1 и 5 Владата на Република Македонија ја утврдува политиката на извршување на законите и донесува уредби и други прописи за извршување на законите.

Со членовите 13-а, 13-б и 13-в од Законот за Државен пазарен инспекторат, се уредени условите, организацијата и начинот на работа на прекршочните комисии, кои се надлежни за водење на прекршочна постапка за прекршоци од одделни области и за одделни подрачја во Република Македонија, во согласност со надлежноста на апелационите судови определена со Законот за судовите.

Според членот 8 став 3 од Законот, прекршочната комисија на Инспекторатот е составена од службени лица овластени од министерот.

Со оспорената одредба од членот 13-в став 1 точка 4 од Законот, е определено дека член на Комисија може да се разреши ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело.

Од анализата на оспорената одредба Судот оцени дека осудуваноста на лицето во текот на вршењето на работите и задачите како член на прекршочната комисија на Државниот пазарен инспекторат, е причина за негово разрешување од должноста член на комисијата. Оспорената одредба од Законот генерално се однесува за наведените лица во случај кога се осудени за сторени кривични дела и на кои им се изречени санкции, без оглед на видот на кривичното дело, неговата природа или тежина и независно од видот на санкциите и нивната висина.

Според Судот со оспорената одредба од Законот се ограничува по сила на закон правото на едно лице да врши определена дејност и во случаи кога кривичното дело за кое лицето е осудено не е во никаква врска со вршењето на оваа дејност, па оттука формулацијата на оспорената одредба е недоволно прецизна и јасна и како таква не обезбедува правна сигурност на граѓаните, што е еден од елементите на уставниот принцип на владеењето на правото.

При оценувањето на уставноста на оспорената одредба од членот 13-в став 1 точка 4 од Законот основен критериум е постоењето на двата принципа на казнено-правниот однос утврден во членовите 13 став 1 и 14 став 1 од Уставот, а тоа се прво, дека казната може да се изрече само со судска одлука, и второ, дека за извршено казниво дело на сторителот може да му се изрече казна што како таква е утврдена со закон или друг пропис.

Со оглед на изнесеното, Судот утврди дека одредбата од членот 13-в став 1 точка 4 од Законот не е во согласност со членот 8 став 1 алинеи 3 и 4, членот 9 став 2, членот 13 став 1, членот 14 став 1 и членот 51 од Уставот.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот д-р Трендафил Ивановски и судиите д-р Наташа Габер-Дамјановска, Исмаил Дарлишта, Лилјана Ингилизова-Ристова, Вера Маркова, Бранко Наумоски, Игор Спировски, д-р Гзиме Старова и д-р Зоран Сулејманов.

У.бр.184/2007
20 ноември 2008 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Трендафил Ивановски**, с.р.

3161.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 20 ноември 2008 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВААТ член 7 став 2 точка 3, точка 4 во делот: „ако ја прекршил законската регулатива за работните односи“, член 8 став 11 во делот: „дека не му е изречена прекршочна санкција за сторен прекршок согласно со овој закон и“, член 12 став 10 во делот: „ако не му била изречена прекршочна санкција за сторен прекршок согласно со овој закон во тој период и“, став 11 во делот: „и кој во тој период не му била изречена прекршочна санкција за сторен прекршок утврден во овој закон“, став 12 во делот: „ако странецот за време на важноста на претходната работна дозвола не му била изречена прекршочна санкција согласно со овој закон и“, член 13 став 2 точка 4, член 15 став 5 во делот: „ако во последните три години пред поднесувањето на барањето за работна дозвола на странскиот работодавач или странец, не му била изречена прекршочна санкција согласно со овој закон“, член 22 став 3 во делот: „Дозволата ќе се издаде, доколку во последните две години пред поднесувањето на барањето за работна дозвола на странецот, не му е изречена прекршочна санкција за сторен прекршок согласно со овој закон“, член 25 став 6 во делот: „и доколку за странецот како физичко лице немало изречена прекршочна санкција во текот на тој период за извршен прекршок, во согласност со овој закон“, член 26 став 3 во делот: „Дозволата за работа се издава, доколку последните три години пред да се поднесе барањето за работна дозвола на клиентот, кој ја врши услугата или лицето кое е наведено во ставот 1 на овој член, не му била изречена прекршочна санкција за извршен прекршок во согласност со овој закон“, член 42 став 1 во делот: „лажна изјава за изречена прекршочна санкција за прекршок согласно со овој закон или“ и став 3 во делот: „лажна изјава за изречена прекршочна санкција за прекршок согласно со овој закон или“ од Законот за вработување и работа на странци („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2007).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Уставниот суд на Република Македонија, на иницијатива на Стамен Филипов од Скопје, со Решение У.бр.2/2008 од 15 октомври 2008 година поведе постапка за оценување на уставноста на одредбите од законот означен во точката 1 од оваа одлука.

Постапката беше поведена затоа што се постави прашањето за согласноста на оспорените законски одредби со член 13 став 1 и член 14 став 2 од Уставот на Република Македонија.

4. а) Судот на седницата утврди дека Законот за вработување и работа на странци ги уредува условите и постапката под кои странци можат да се вработуваат или да работат во Република Македонија (член 1 став 1 од Законот).

Според член 7 став 2 од Законот „барањата за издавање на работни дозволи за странец, поднесени од работодавачи основани во Република Македонија ќе се одбијат во следниве случаи, ако:

- точка 3: во рок од три години пред поднесувањето на барањето за издавање на работна дозвола на работодавачот, му била изречена прекршочна санкција за сторен прекршок пропишан со одредбите на овој и друг закон, за незаконска работа или незаконско вработување;

- точка 4: работодавачот покажал негативни резултати во работењето за претходната година, ако платите исплатени на неговите вработени биле под нивото утврдено со соодветниот гранси колективен договор, ако ја прекршил законската регулатива за работните односи (оспорен дел, н.з.) или ако не ги намирил своите обврски за даноци и придонеси.“

Според член 8 став 11 од Законот: „барањето за работна дозвола треба да биде пропратено со писмена изјава од барателот дека не му е изречена прекршочна санкција за сторен прекршок согласно со овој закон и (оспорен дел, н.з.) дека нема добиено државни средства од Буџетот на Република Македонија за сочувување на продуктивните работни места.“

Членот 12 став 10 од Законот определува дека: „личната работна дозвола наведена во ставот 8 од овој член може да се продолжи ако странецот може да докаже дека својата дејност ја вршел во периодот на важност на претходната работна дозвола, ако не му била изречена прекршочна санкција за сторен прекршок согласно со овој закон во тој период (оспорен дел, н.з.) и ако приложи позитивно мислење од Министерството за економија за реализација на деловниот план.“

Ставот 11 од овој член на Законот предвидува дека: „барање за лична работна дозвола со важност за период од три години може да поднесе странец кој ја претставува компанијата (трговското друштво) врз основа на правото за основање, како и странец кој ја извршува својата дејност како единствен сопственик или странец кој самостојно извршува стручна дејност, во Република Македонија без прекин во период од една година и кој во тој период не му била изречена прекршочна санкција за сторен прекршок утврден во овој закон.“(оспорен дел, н.з.).

Во став 12 од овој член на Законот се пропишува дека: „лична работна дозвола која важи за период од три години може повторно да се издаде на странец за истиот период, ако странецот за време на важноста на претходната работна дозвола не му била изречена прекршочна санкција согласно со овој закон и (оспорен дел, н.з.) ако приложи позитивно мислење од Министерството за економија за реализација на деловниот план.“

Според член 13 став 2 од Законот: „дозволата за вработување може да се издаде само врз основа на поднесено барање, ако:

- точка 4: две години пред поднесувањето на барањето за дозвола за вработување на странецот не му била изречена прекршочна санкција за сторен прекршок согласно со овој закон.Оваа одредба не важи за странец кој го изгубил статусот на самовработено лице.“

Според член 15 став 5 од Законот: „дозволата за работа на странец ќе се издава врз основа на барање поднесено од странски работодавач-давател на услуги. Согласно со овој закон давателот на услуги е обврзан да ја регистрира работата изведена од преместени странски работници, ако во последните три години пред поднесување на барањето за работна дозвола на странскиот работодавач или странец, не му била изречена прекршочна санкција согласно со овој закон.“ (оспорен дел, н.з.).

Член 22 став 3 од Законот предвидува дека: „дозволата за работа ќе се издаде како дел од квотата која е определена за сезонска работа. Дозволата ќе се издаде, доколку во последите две години пред поднесување на барањето за работна дозвола на странецот, не му е изречена прекршочна санкција за сторен прекршок согласно со овој закон.“(оспорен дел, н.з.).

Членот 25 став 6 од Законот предвидува дека: „дозволата за работа може повторно да се продолжи, доколку работодавачот докаже дека компанијата (трговско друштво) или сопственикот ја извршувале својата дејност во текот на рокот на важење на претходната дозвола за работа и доколку за странецот како физичко лице немало изречена прекршочна санкција во текот на тој период за извршен прекршок, во согласност со овој закон.“(оспорен дел, н.з.).

Членот 26 став 3 од Законот определува дека: „дозволата за работа може да се издаде повеќе од еднаш во една календарска година, но за вкупен период од најмногу 90 дена. На странците кои даваат услуги во полето на науката, културата, спортот, здравството, образованието можат да им се издаваат дозволи за работа со важност од една година, доколку не постојат услови за засновање работен однос. Дозволата за работа се издава, доколку последните три години пред да се поднесе барањето за работна дозвола на клиентот, кој ја врши услугата или лицето кое е наведено во ставот 1 на овој член, не му била изречена прекршочна санкција за извршен прекршок во согласност со овој закон.“(оспорен дел, н.з.).

Членот 42 став 1 од Законот предвидува дека: „глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на работодавач (правно лице или сам сопственик) за лажна изјава за изречена прекршочна санкција за прекршок согласно со овој закон или (оспорен дел, н.з.) лажна изјава за примање на државни средства од државниот буџет за заштита на продуктивни работни места (член 8 став 11).“

Со ставот 3 од истиот член на Законот се предвидува дека:„глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на работодавач (како физичко лице) за доставување на лажна изјава за изречена прекршочна санкција за прекршок согласно со овој закон или (оспорен дел, н.з.) лажна изјава за примање на државни средства од државниот буџет за заштита на продуктивни работни места (член 8 став 11).“

б) Од изнесените законски одредби произлегува дека со нив се определуваат штетни последици за работодавач од Република Македонија или странство и за странец ако им била изречена прекршочна санкција според овој или друг закон во одреден претходен период. Последиците се движат од обврска да даваат податоци за изречените прекршочни санкции, преку одбивање на барањата за продолжување на дозволите за работа, до парична казна за давање на невистинити податоци околу изречените прекршочни санкции.

Со други зборови, оспорените законски одредби предвидуваат и други последици, покрај оние последици кои порано се изречени со правосилна судска одлука врз основа на конкретна фактичка состојба и утврдена вина.

5. Според член 13 став 1 од Уставот на Република Македонија: „лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука.“ Според член 14 став 2 од Уставот: „никој не може повторно да биде суден за дело за кое веќе бил суден и за кое е донесена правосилна судска одлука.“

Од изнесените уставни одредби, покрај другото, произлегува дека само со правосилна судска одлука може да се утврдат фактите, вината и да се определи казна за конкретно лице како последица на утврдената вина. Излегувањето надвор од рамките на односот казниво дело и судски изречена казна за неговиот сторител претставува повреда на слободите и правата на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија.

Со оглед на тоа што со оспорените законски одредби се излегува надвор од односот казниво дело и судски изречената казна за неговиот сторител, на тој начин што со закон и надвор од евентуално изречена судска казна се определуваат и други последици за определени лица, со што се ограничуваат слободите и правата на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија, Судот оцени дека наведените законски одредби не се во согласност со член 13 став 1 и член 14 став 2 од Уставот на Република Македонија.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот д-р Трендафил Ивановски и судиите д-р Наташа Габер-Дамјановска, Исмаил Дарлишта, Лилјана Ингилизова-Ристова, Вера Маркова, Бранко Наумоски, Игор Спировски, д-р Гзиме Старова и д-р Зоран Сулејманов.

У.бр.2/2008
20 ноември 2008 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Трендафил Ивановски**, с.р.

3162.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/1992) на седница одржана на 12 ноември 2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на:

а) посебно оспорениот дел: „се колнам" од членот 50 став 1 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.58/2006) и

б) Законот за изменување на Законот за празниците на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/2007).

2. СЕ ОТФРЛА иницијативата во делот со кој се бара меѓусебна оцена на согласноста на членот 50 став 1 од Законот за судовите со членот 43 став 1 од истиот закон.

3. Решението ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

4. Олгица Ристовска од Кочани и Зарија Алексовски од Кичево на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа две посебни иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите од законите означени во точките 1 и 2 од ова решение.

Олгица Ристовска, во иницијативата наведува дека во 1985 година станала судија во Општинскиот суд за прекршоци Кочани, дека долги години била атеист, па затоа и не и пречело да дава свечени изјави, односно да се колне кога била избирана за вршење на функцијата судија. Меѓутоа, според сегашното верско убедување таа е новородена христијанка која го проучува Светото писмо-Библијата, која верува во зборот Божји и настојува напишаното да го живее заради љубовта кон Бога, но и стравот од гневот Божји. Од тие причини свечената изјава од оспориениот член 50 став 1 од Законот за судовите се косел со нејзината вера.

Потоа, во иницијативата се цитираат делови од Светото писмо во Евангелието по Матеј (Глава V, стихови 34 и 37) и Посланието по Јаков (Глава V, стих 12) и се наведува дека оспориениот член 50 став 1 од Законот особено во делот: „се колнам", поради нејзината верска определба ја става во нееднаква положба со другите граѓани и ја дискриминира, што било спротивно на членот 43 став 1 од истиот Закон и на членовите 19, 25, 32, 51 и на Амандманот VIII точка 1 на Уставот.

Имајќи предвид дека подносителката на иницијативата конкурирала за претседател на Основниот суд Кочани, во која процедура било предвидено да се даде свечена изјава пред да се стапи на должност, а потоа пред неа во такво својство судиите-поротници да се заколнат, смета дека вака предвиденото било спротивно на нејзините лични убедувања, односно верувања.

Освен тоа, подносителката на иницијативата не ја гледала смислата од колнење од страна на атеистите, бидејќи колнењето преставувало страв од проклетство кој го имале само верниците, но не и оние што не верувале дека има Бог. Исто така, правнички гледано, на подносителката на иницијативата, колнењето и изгледало беспредметно, бидејќи ниту еден судија не бил разрешен поради отстапувањето од клетвата како клетва, туку поради постоење на основи од Законот.

5. Судот на седницата утврди дека, според членот 50 став 1 од Законот за судовите, пред стапувањето на должност судијата и судијата-поротник дава свечена изјава, која гласи:

„Изјавувам и се колнам дека во вршењето на судиската функција ќе ги почитувам Уставот на Република Македонија, законите, и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија, дека ќе судам законито, чесно, совесно, независно и одговорно, и дека ќе ги заштитувам слободите и правата на човекот и граѓанинот".

6. Според членот 19 од Уставот на Република Македонија, се гарантира слободата на вероисповеста (став 1). Се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други изразување на верата (став 2).

Според Амандманот VII на Уставот, Македонската право-славна црква, како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-Методистичката црква, Еврејската зедница и другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред закон (точка1). Со точката 1 се заменува ставот 3 на членот 19 од Уставот.

Според членот 25 од Уставот на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.

Според член 32 став 1 од Уставот, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Според став 2 од овој член, секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Според став 5 од истиот член на Уставот, остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Според членот 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според членот 118 од Уставот, меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот поредок на Република Македонија и не можат да се менуваат со закон.

Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи на Советот на Европа е ратификувана со Закон објавен во ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/1997).

Членот 9 од Европската Конвенција се однесува на слободата на мислите, совеста и верата. Според ставот 1, на оваа одредба, секој човек има право на слобода на мислите, совеста и верата. Ова право ја вклучува слободата за промена на верата и убедувањето, како и слободата за изразување на својата вера или убедување, сам или заедно со другите, јавно или приватно, преку богослужба, поука, проповеди, верски обреди и ритуали. Според ставот 2, слободата за изразување на својата вера или на своите убедувања може да биде предмет само на оние ограничувања што се предвидени со закон и кои претставуваат мерки во интерес на јавната безбедност, поредокот, здравјето и моралот или заштитата на правата и слободите на други, неопходни во едно демократско општество.

Според членот 14 од Конвенцијата, уживањето на правата и слободите, признати со оваа Конвенција, треба да се обезбеди без никаква дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус.

Според член 18 од Универзалната Декларација за човековите права на Обединетите Нации, секој има право на слобода на мислата, совеста и религијата. Ова право ја вклучува и слободата човекот да ја промени својата религија или убедување, како и слободата човекот, индивидуално или во заедница со други луѓе, приватно или јавно, да ја манифестира својата религија или убедување, преку подучување, практикување, одржување служби или обреди.

Според член 18 од Меѓународниот Пакт за граѓанските и политичките права на Обединетите Нации, секое лице има право на слобода на мислата, на совеста и на вероисповеста. Ова право ја подразбира слободата на исповедувањето и на примањето на вера или убедување по свое наоѓање, како и слободата таа вера или убедување да го манифестира поединечно или заедно со други, како јавно, така и приватно, преку култ, преку вршење на верски и ритуални обреди и преку веронаука.

Никој не може да биде предмет на принуда, со која би му се нарушила слободата да има или да прифати вера или убедување по негово наоѓање.

Слободата на манифестирањето на верата или убедувањето може да биде предмет само на оние ограничувања што ги предвидува законот, а што се нужни заради заштита на јавната безбедност, на редот, на здравјето или на моралот, или пак на основните слободи и права на други лица.

Тргнувајќи од анализата на членот 19 од Уставот и Амандманот VII на Уставот, произлегува дека слободата на вероисповеста определена како уставно начело подразбира дека исповедувањето на верата е слободно и претставува строго лична работа на поединецот, односно претставува составен дел на приватноста на човекот. Оттаму, таа подразбира право на секој граѓанин да припаѓа на било која вера, со право и да го исповедува нејзиното учење, а од друга страна, право на секој граѓанин да не припаѓа на ниедна вера. Со самата определба дека вероисповеста е приватна работа на човекот се одредува и односот на верските заедници кон државата. Имено, според Уставот, Македонската православна црква, како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-Методистичката црква, Еврејската зедница и другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред закон. Тие се еднакви и рамноправни во вршењето на нивните работи и обреди и се подложни на еднаков третман во рамките на Уставот и законите што укажува дека не може да постои една државна религија која би била повластена и контролирана од државата. Воедно на содржината на членот 19 се надоврзува и членот 25 од Уставот во кој на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.

Од анализата на целината на уставните одредби, исто така, произлегува дека Уставот не го уредува воопшто прашањето за содржината на свечената изјава за носителите на државни или јавни функции, што значи остава тоа да биде уредено со закон. Уште повеќе, Уставот само во членот 81 став 9 определил дека, пред преземањето на должност претседателот на Републиката дава свечена изјава пред Собранието со која се обврзува на почитување на Уставот, без да ја дефинира содржината на изјавата, а за останатите носители на државни и јавни функции ваква уставна обврска не е предвидена.

Врз основа на изнесеното, произлегува дека не само Уставот на Република Македонија, туку и соодветните одредби од меѓународните документи ја третираат слободата на уверувањето, совеста и мислата, како право кое е природно и нераскинливо поврзано со човековото битие. Имено, религиозното уверување спаѓа во сферата на личното, интелектуално и филозофско поимање на светот кој го опкружува човекот. Тоа е засновано на сопствените сфаќања и убедувања на поединецот и како такви тие не може да бидат предмет на принуда или било каков вид притисок кои би довеле до нивно нарушување и ограничување. Оттука и правото обезбедува соодветни правни механизми кои овозможуваат оваа слобода да биде гарантирана и заштитена.

Врз основа на наведеното, пред Судот се постави прашањето дали со оспорениот член 50 став 1 од Законот за судовите и определбата на законодавецот судијата и судијата-поротник пред стапувањето на должност да дадат свечена изјава, со изговарање на зборовите: „се колнам" се повредува слободата на вероисповеста, како лично право, како и правото на заштита на приватноста, личниот и семеен живот и достоинството на граѓанинот.

Притоа, Судот имаше предвид дека Република Македонија уставно е поставена како држава во која религијата е одвоена од државата, таа е мулти конфесионален простор на кој живееат и работат граѓани со различна верска определба, но и атеисти и дека судиите и судиите поротници се вршители на јавна функција определена како таква во Уставот и законите. Воедно во вака организирана држава плурализмот на религии подразбира да имаш или да немаш религиозни чувства и да ја практикуваш или да не ја практикуваш религијата според сопствените убедувања, меѓутоа, иако лична, слободата на вероисповест и совест не е апсолутна и таа може да се ужива само на начин кој нема да доведе до повреда на Уставот и на законите, како и на слободите и правата на другите.

Тргнувајќи од фактот дека судиите и судиите-поротници се вршители на јавна функција, односно дека се одговорни во системот на поделба на власта за реализација на судската власт, како еден од сегментите на државната власт (член 8 став 1 алинеја 4 од Уставот), тогаш само по себе произлегува дека при вршењето на

својата функција истите треба да бидат независни и непристрасни и што е можно повеќе изолирани од било какви религиозни определби или чувства. Ова и од причина што судијата и судијата-поротник во практикувањето на судиската власт решаваат случаи кои не секогаш се поврзани со нивната верска определба или комуницираат со странки кои не се секогаш со верска определба како нивната. Оттаму, за да се избегне било каков конфликт на религии или религиозни сфаќања, судијата и судијата-поротник не би смееле да си дозволат во практикувањето на судиската власт да го вмешаат своето лично сфаќање на религијата, како приватна определба. Впрочем, тоа води кон запазување на уставната и законска обврска за почитување на Уставот на Република Македонија, законите, и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија, обврска за законито, чесно, совесно, независно и одговорно судење и заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, меѓу кои спаѓа и слободата на вероисповеста која во некои случаи може да биде и сосема спротивна на вероисповеста на судијата, односно судијата-поротник, како негова лична определба.

Според Судот поставувајќи ја свечената изјава како лично гарантирање на судијата и судијата поротник за почитување на така поставените принципи, се со цел за почитување на Уставот и законите и вредностите поставени во нив, зборовите: „се колнам" од оспориот член 50 став 1 од Законот се само зајакнување на свечената, јавно дадена, гаранција во наведената смисла. Ова и ако се има предвид дека наведените зборови не се изговараат во религиозен објект, не се условени со полагање на раката на некоја од светите книги, отуствуваат и други специфични, за секоја религија, придружни гестикулации и ритуали, кои со сигурност би потврдиле вметнување на религиозен чин во сегмент од јавниот живот (давање свечена изјава). Во таа насока произлегува дека употребата на зборовите: „се колнам" како остаток од обичајното право, кој етимолошки и семантички потекнуваа од старословенскиот лексички фонд не може да се поврзе со практикувањето на религијата, од кои причини Судот оцени дека станува збор за традиционална, а не за религиозна заклетва. При состојба кога, зборовите: „се колнам" се употребуваат со значење уверува, убедува со заклетва во вистинитоста на изјавата за почитување на Уставот и законите, истите се потврда за сопствената чест и кредибилитет, заколнување во својата чест, од каде, според Судот вака изговорените зборови само го засилува свечениот, достоинствен чин на давањето на свечена изјава при стапување на јавна функција од каде под изговор на слободата на вероисповеста не може да се одбие давањето на ваков вид свечена изјава. Впрочем, свечената изјава е од значење не само за оној кој ја изговорил, туку и за оние пред кого е изговорена.

Врз основа на анализата на целината на членот 50 став 1 од Законот и уставната и законска поставеност на судиската функција Судот оцени дека во овој случај не станува збор за религиозна заклетва, туку за професионална заклетва или поконкретно заклетва на судии и судии поротници, што според својот карактер е заклетва за почитување на професионалната определба во интерес на целокупниот поредок на државата, и нема карактер само на лична определба.

Според тоа ниту верски определените, вклучувајќи ги и новородените христијани на кои им припаѓа подносителката на иницијативата, ниту атеистите не можат да се чувствуваат засегнати по однос на нивните лични определби за слободата на вероисповест, како строго лична, приватна работа на поединецот, туку определбата на законодавецот свечената изјава да се зајакне, потврди и со зборовите „се колнам" треба да ја поимаат само како убедување себе си, но и на лицата пред кои се дава изјавата дека веруваат во вистинитоста на зборовите што ги изговараат при давањето на свечената изјава.

Тргнувајќи од наведениот карактер на свечената изјава, според Судот не може да стане збор за ограничување на слободата на уверувањето од каде оспориот дел од одредбата и не може да се стави во релација со цитираните одредби од меѓународните акти.

Врз основа на изнесеното пред Судот не се постави прашањето за согласност на оспориот член 50 став 1 и посебно оспориот негов дел „се колнам" од Законот за судовите со член 19, Амандманот VII, член 25, член 32 и член 51 од Уставот.

7. Во однос на Законот за изменување на Законот за празниците на Република Македонија, Олгица Ристовска наведува дека не бил во согласност со Уставот, бидејќи не само неа, туку и атеистите ги ставал во неедаква положба. Исто така, со одредбите од Законот се повредувале нејзините чувства, кога како христијанка требала да празнува верски празници на другите вероисповести како на пример на I ден на Рамазан Бајрам, а сочуствувала и со верниците од муслиманска вероисповест кога морале да го празнуваат I ден на Божиќ или II ден на Велигден. Оттаму, подносителката на иницијативата поставува прашање како за време на верските празници функционираат здравствените, образовните, судските и другите установи кога дел од вработените се атеисти, дел се муслимани, дел се христијани, дел католици и така натаму, кој кога празнувал, кој кога работел, а имајќи предвид дека работните задачи им биле поврзани.

Врз основа на наведеното, подносителката на иницијативата бара оспориот Закон да биде укинат како спротивен на членот 9 и членот 51 од Уставот и Амандманот VII на Уставот.

Зарија Алексоски во поднесената иницијатива наведува дека причина за поднесување на иницијативата се состои во тоа што владеачката гарнитура на државата предводена од политичката партија ВМРО ДПМНЕ во Предлог-Законот внела партиска политика, која била спротивна на Уставот на Република Македонија. Именно, во членот 1 од оспориот Закон за изменување на Законот за празниците на Република Македонија, биле додадени многу празници за кои немало никаква уставна основа да се прогласат за државни празници.

Имено, што се однесува до празникот Свети Кирил и Методиј, тој се одбележувал на свечен начин, годишно, како патронен празник од страна на највисоките институции по однос на празникот 23-ти октомври се наведува дека на овој датум во 1893 година не била формирана ВМРО, туку македонско-бугарската одринска организација. Па оттаму, ако веќе требало да се прогласи државен празник на некоја револуционерна организација, подносителот на иницијативата предлага тоа право да и припадне на Комунистичката партија на Македонија, формирана на 19 март 1943 година како државен и уставен творец на денешна Македонија.

Покрај наведените празници, за кои бара да бидат укинати, подносителот на иницијативата наведува дека треба да биде укината и целината на членот 2 од Законот бидејќи се спротивни на член 2 став 3 од Уставот (според цитираната содржина, всушност се мисли на член 19 став 3, односно Амандманот VII точка 1 на Уставот).

На крајот од иницијативата, подносителот предлага кои празници треба да останат како државни, бидејќи со векови, традиционално се празнувале и немало никаква основа „посебно во тие денови да училиштата на верскиот празник не одат на настава“.

8. Судот на седницата утврди дека, Според член 1 од Законот за изменување на Законот на празниците на Република Македонија, во Законот за празниците на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98), членот 2 се менува и гласи:

"Државни празници на Република Македонија се:

- 24 Мај, "Св. Кирил и Методиј" - Ден на сесловенските просветители;
- 2 Август, Ден на Републиката;
- 8 Септември, Ден на независноста;
- 11 Октомври, Ден на народното востание;
- 23 Октомври, Ден на македонската револуционерна борба и
- 8 Декември, "Св. Климент Охридски".

Празници на Република Македонија се:

- 1 Јануари, Нова година;
- Божик, првиот ден на Божик, 7 јануари според православниот календар;
- Велигден, вториот ден на Велигден според православниот календар;
-1 Мај, Ден на трудот и
- Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам."

Според членот 2 од Законот, ченот 4 се менува и гласи:

"Во Република Македонија се празнуваат и неработни денови за верниците од православната вероисповест се:

- Бадник, ден пред Божик;
-19 Јануари, Богојавление (Водици);
- Велики Петок, петок пред Велигден;
- 28 Август, Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица) и
- Духовден, петок пред Духовден.

Во Република Македонија се празнуваат и неработни денови се:

- Курбан Бајрам, првиот ден на Курбан Бајрам за верниците од муслиманската вероисповест;
- 22 Ноември, Ден на албанската азбука за припадниците на албанската заедница;
- 21 Декември, Ден на настава на турски јазик за припадниците на турската заедница;
- Јом Кипур, првиот ден на Јом Кипур за припадниците на еврејската заедница;
- првиот ден на Божик, вториот ден на Велигден и Празникот на сите светци, според Грегоријанскиот календар за верниците од католичката вероисповест;
- 27 Јануари, Свети Сава за припадниците на српската заедница;
- 8 Април, Меѓународен ден на Ромите за припадниците на ромската заедница;
- 23 Мај, Национален ден на Власите за припадниците на влашката заедница и
- 28 Септември, Меѓународен ден на Бошњаците за припадниците на бошњачката заедница. "

Во членот 3 од Законот е определено дека Законот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

9. Според членот 9 од Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според членот 19 од Уставот, се гарантира слободата на вероисповеста (став 1). Се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други изразување на верата (став 2).

Според Амандманот VII на Уставот, Македонската православна црква, како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-Методистичката црква, Еврејската зедница и другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред закон (точка1). Со точката 1 се заменува ставот 3 на членот 19 од Уставот.

Од анализата на наведените уставни одредби произлегува дека Уставот утврдил еднаквост на граѓаните во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, дека ја гарантира слободата на вероисповеста и изразување на верата, а верските заедници и религиозните групи се одвоени од државата и се еднакви пред закон. Притоа во наведените, но и другите уставни одредби прашањето на државните и други празници не е поставено како уставноправна регулатива, што значи е оставено да се уреди со закон.

Од анализата на одредбите на оспорениот Закон Судот утврди дека со него се предвидуваат: државни празници на Република Македонија (член 2 став 1), празници на Република Македонија (член 2 став 2), неработни денови за верниците од различни вероисповеди (член 4 став 1) и неработни денови (член 4 став 2). Притоа државните празници се категорија на празници со особено значење за државноста на Република Македонија, а постојат и празници и неработни денови кои се од значење за одредена категорија на граѓани, во кои тие, според нивната вероисповест, празнуваат и не работат, а останатите заради изразување на почит и овозможување на таквото празнување само не работат.

Предвидувањето во Законот, различни денови да се неработни и да се празнуваат од страна на различни верски заедници е токму по суштина обезбедување еднаквост на граѓаните по верска основа преку славење на своите, но и покажување почит кон славењето на туѓите вредности, што е во согласност со членот 9 од Уставот. Оттаму, произлегува дека припадниците на различни верски заедници имаат различни вредности во кои веруваат или, пак, веруваат во исти вредности но со различен приоритет, како и тоа дека таквата содржинска различност предизвикува различно манифестирање на верувањето, односно имаат различни денови на славање на верските вредности кои се утврдени во оспорените законски одредби.

Врз основа на наведеното, според Судот, оспорениот Закон е во согласност со членот 9 од Уставот.

10. Согласно член 110 алинеја 1 од Уставот, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот.

Оттаму, тргнувајќи од содржината на цитираната уставна одредба, произлегува дека Судот не е надлежен за делот од наводите од иницијативата на Олгица Ристовска со кои се укажува на практичната примена на утврдените празници, ниту за делот од наводите од иницијативата на Зарија Алексовски со кој се предлга воведување на нови празници или напуштање на празнувањето на некои од предвидените.

Според членот 110 алинеја 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Врз основа на наведената одредба произлегува Судот не е надлежен да ја оценува согласноста на верските книги со Уставот, ниту пак да ги проучува или коментира нивната содржина и значење, а верувањето дека колнењето е страв на верниците од проклетство може да биде извлечено како определба само на оние кои се повикани да ги проучуваат и применуваат верските книги.

Врз основа на истата одредба од Уставот, Судот не е надлежен да ја оценува согласноста на оспорениот член 50 став 1 со член 43 став 1 од Законот за судовите.

По однос на наводот во иницијативата за несогласност на оспорениот член 50 став 1 од Законот со Амандманот VIII на Уставот Судот оцени дека оспорената одредба не може да се постави во корелација со наведениот Амандман бидејќи тој се однесува на сферата на економски, социјални и културни права на граѓаните во кои не влегува слободата на вероисповеста, како граѓанска слобода и право.

11. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точките 1, и 2 од ова решение.

12. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот д-р Трендафил Ивановски и судиите д-р Наташа Габер-Дамјановска, Исмаил Дарлишта, Лилјана Ингилизова-Ристова, Вера Маркова, Бранко Наумоски, Игор Спировски, д-р Гзиме Старова и д-р Зоран Сулејманов. Решението само по однос на точката 1 а) е донесено со мнозинство гласови.

У.бр.52/2008
12 ноември 2008 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Трендафил Ивановски**, с.р.

3163.

Врз основа на член 25 став 6 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992) по моето гласање против точката 1 под а) од Решението У.бр. 52/2008, го издвојувам и писмено го образложувам следното

ИЗДВОЕНО МИСЛЕЊЕ

Со означениот дел од Решението Судот одлучи да не поведе постапка за оценување на уставноста на делот "се колнам" од член 50 став 1 од Законот за судовите. Во овој член е содржан текстот на свечената изјава што ја даваат судиите и судиите-поротници пред стапувањето на должност и таа гласи: "Изјавувам и се колнам дека во вршење на судиската функција ќе ги почитувам Уставот на Република Македонија, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија, дека ќе судам законито, чесно, совесно, независно и одговорно, и дека ќе ги заштитувам слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Во образложението на решението, што го поддржуваат мнозинството судии, се изведува аргументација којашто води кон, главно јазичка, интерпретација на поимот "се колнам", за да се заклучи дека во случајов не станувало збор за религиозна, туку за традиционална заклетва што го зајакнува свечениот, достоинствен чин на давањето на свечената изјава, па поради тоа таквата заклетва не можела да се одбие под изговор на слободата на вероисповеста. Освен тоа , во решението се сугерира дека ни верски определените, ни атеистите не може да се чувствуваат засегнати по однос на нивната лична определба, туку определбата на законодавецот свечената изјава да се зајакне и потврди со овие зборови "треба да ја поимаат само како убедување себе си, но и на лицата пред кои се дава изјавата, дека веруваат во вистинитоста на зборовите што ги изговараат при давањето на свечената изјава."

Разликата помеѓу моето мислење и тоа на мнозинството не е во различното поимање на зборовите "се колнам", односно што значат тие зборови според моето мислење или што, според моето мислење, би требало да им значи или да не им значи на другите. Тие аспекти се ирелевантни за оцена на уставноста на законската одредба што налага човек да се колне. Напротив, во овој случај станува збор за суштински аспект на "приговорот на совеста" којшто произлегува од слободата на совеста, мислата и уверувањето како темелна слобода на човекот гарантирана со Уставот. Оттука, прашањето во овој случај е дали законодавецот во конкретната одредба го уважува приговорот на совеста на оние лица кои од сериозни причини поврзани со нивното уверување имаат забрана да се колнат и дали според Уставот бил должен тоа да го направи. Или, со други зборови, не се работи за тоа што мене и на моите колеги им значи оспорениот поим "се колнам", туку што тој поим, не во лингвистички, туку во морален и социјален контекст, им значи на оние кои законот ги повикува да се заколнат, а тоа се противи на налогот на нивната совест што одзвонува во нивните уши: "немој да се колнеш"!

Според моето мислење, во еден ваков уставно релевантен и реален контекст (доволно е да се укаже дека, на пример, Јеховините сведоци, не смеат да се колнат од причини на верско уверување, како што не смеат да примат оружје), јасно е дека оспорениот дел од одредбата ги става ваквите лица пред две "зла": или да се заколнат спротивно на најдлабоките уверувања и морални обврски, или да се откажат од вршењето на судиската функција затоа што не смеат да се заколнат. И двете солуции водат кон повреда на правата и положбата на поединците по основ на нивното уверување, што не е во согласност како со член 16, така и со член 9 од Уставот. Неуставноста на оспорената одредба лежи токму во отсуството на можност свечената изјава да биде дадена на начин што нема да ги повреди најдлабоките уверувања на поединецот, што, инаку, е еден од суштинските аспекти на заштитата на слободата на уверувањето, совеста и мислата. Во случајов тоа можело да биде уредено на наједноставен начин со предвидување алтернативна изјава (со и без заклетва) со еднаква вредност, како што тоа се прави при давањето на свечената изјава на судиите во Европскиот суд за човекови права, да наведам само еден пример. Вака, останува да се констатира дека законодавецот со оспорената одредба не го уважува "приговорот на совеста" што може да биде истакнат во однос на давањето заклетва и му наметнува на поединецот однесување што овој не може да го изврши без сериозна повреда на сопствените уверувања.

Врз основа на изнесеното, сметам дека во случајов постоеја повеќе од сериозни причини за поведување постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба од Законот.

Судија
на Уставниот суд
на Република Македонија,
Игор Спировски, с.р.

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3164.

Врз основа на член 68 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 03/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), а во врска со член 12 став 4 од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ОТВОРАЊЕ И ЗАТВОРАЊЕ НА ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

1. Во точка 14 од Одлуката за начинот и постапката за отворање и затворање на трансакциска сметка објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/07 и 5/08 се додава ставот 2 којшто гласи:

Доколку на сметките на учесникот во платниот промет над кого е отворена стечајна или ликвидациона постапка, во ЕРТС постојат блокади коишто се иницирани од носител на платен промет врз кого, по извршената блокада, е започната стечајна или ликвидациска постапка, тогаш постапката од став 1 ја презема носителот на платниот промет кај кого се отвора стечајна сметка на учесникот во платниот промет над кого е отворена стечајна постапка.

2. Оваа одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О. бр. 7841
4 декември 2008 година
Скопје

Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3165.

Врз основа на член 19, алинеја 6, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/06, 36/07 и 106/08) и член 23 став 5 од Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење („Службен весник на РМ“ бр. 16/06), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 4 декември 2008 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОСЕЧНА ЦЕНА НА ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД НА СКОПЈЕ СЕВЕР АД - СКОПЈЕ

1. Во Одлуката за просечна цена на производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за греење за регулиран период на Скопје Север АД-Скопје („Службен весник на РМ“ бр.102/06, 30/07, 127/07 и 91/08) во точката 1, во алинеата 3, бројот „3,7537“ се заменува со „3,1577“.

2. Во согласност со просечната цена утврдена во точка 1 на оваа одлука, тарифните ставови за продажба на топлинска енергија за греење утврдени со Одлуката за одобрување на Ценовник – Тарифа за испорака на топлинска енергија за греење на тарифните потрошувачи на Скопје Север АД Скопје, за период од 1 август до 31 декември 2008 година („Службен весник на РМ“ бр. 93/08) треба линеарно да се намалат за 15,88% и изнесуваат:

	Тарифни ставки	Един. мерка	Цена од 01.11.2008
I.	**Станбен простор**		
а)	**Паушална наплата**		
а/1	На 12 месечни рати	$м^2$	36,80
а/2	На 6 месечни рати	$м^2$	73,60
б)	**Наплата со мерач**		
б/1	Топлинска моќност	MW	711.345,45
б/2	Испорачана енергија	MWh	2.367,04
II.	**Деловен простор**		
а)	**Паушална наплата**	MW	5.528.165,85
б)	**Наплата со мерач**		
б/1	Топлинска моќност	MW	964.660,68
б/2	Испорачана енергија	MWh	3.805,93
III.	**Основно образование**		
а)	**Наплата со мерач**		
а/1	Топлинска моќност	MW	724.289,02
а/2	Испорачана енергија	MWh	2.823,69

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 ноември до 31 декември 2008 година.

Бр. 02-2061/1
4 декември 2008 година
Скопје

Претседател,
Славе Ивановски, с.р.

3166.

Врз основа на член 19 алинеја 7 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/06, 36/07 и 106/08) и Одлуката за определување цена на електрична енергија која што регулираниот производител на електрична енергија АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА – Скопје ја обезбедува за потребите на тарифните потрошувачи за периодот од 1 ноември до 31 декември 2008 година („Службен весник на Република Македонија“, бр. 135/08), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 4 декември 2008 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ТАРИФНИТЕ СТАВОВИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И МОЌНОСТ ИСПОРАЧАНА НА ТАРИФНИТЕ ПОТРОШУВАЧИ ДИРЕКТНО ПРИКЛУЧЕНИ НА ПРЕНОСНАТА МРЕЖА КОИ ВРШАТ ДЕЈНОСТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

1. Се одобруваат тарифните ставови за електрична енергија и моќност испорачана на тарифните потрошувачи директно приклучени на преносната мрежа кои вршат дејност од јавен интерес утврдени со Одлуката на Управниот Одбор на АД ЕЛЕМ, УО бр. 02-5313/53/2 од 28.11.2008 година.

2. Тарифните ставови од точка 1 на оваа одлука изнесуваат:

Напон kV	Пресметковна величина	Единица	Тарифно време	Тарифен став (денари)
110	Моќност	kW		710,5321
	Енергија	kWh	ВТ	1,7301
			НТ	0,8650
		kvarh	ВТ	0,4391
			НТ	0,1730

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 ноември 2008 година.

Бр. 02-2064/1
4 декември 2008 година
Скопје

Претседател,
Славе Ивановски, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

3167.

Врз основа на член 44 став 5 и член 48 став 1 од Законот за спортот („Службен весник на РМ“ бр. 29/02, 66/04 и 81/08), ја приложуваме следната

Л И С Т А
НА КАТЕГОРИЗИРАНИ СПОРТИСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ 2007 – ДЕКЕМВРИ 2008 ГОДИНА

Ред. бр.	Име и Презиме на категоризираниот спортист	Стекната спортска категорија	Остварен резултат на официјални меѓународни натпревари кои се во календарот на европските и светските асоцијации и државни првенства
1.	Ивица Гацовски, Бојан Наумовски и Аљоша Недев	спортист од меѓународна категорија	традиционално карате-за освоено 2-РО место во борби екипно, на 2-ТО ЕП за сениори, во Скопје-Република Македонија, одржано од 26-27.06.2004 година
2.	Иво Цветковски	спортист од светска категорија	карате-за освоено 2-РО место на 42-ТО ЕП за сениори, во Братислава-Република Словачка, одржано од 04-06.05.2007 година
3.	Сашко Арсовски	спортист од светска категорија	карате-за освоено 3-ТО место на 42-ТО ЕП за сениори, во Братислава-Република Словачка, одржано од 04-06.05.2007 година
4.	Иле Ристески	спортист од меѓународна категорија	кик бокс-за освоено 3-ТО место во дисциплината таи кик бокс, во категоријата до 75кг., на СП за сениори, во Белград-Република Србија, одржано од 26-30.09.2007 година
5.	Марија Гудеска, Верица Трајковска и Зорица Спирковска	спортист од меѓународна категорија	карате-за освоено 3-ТО место во кати екипно, на 5-ТО СП за јуниори и кадети, во Истанбул, Република Турција, одржано од 19-21.10.2007 година
6.	Иво Цветковски	спортист од светска категорија	карате-за освоено 3-ТО место во категоријата кумите до 70кг., на 5-ТО СП за јуниори и кадети, во Истанбул, Република Турција, одржано од 19-21.10.2007 година
7.	Примислав Димовски	спортист од меѓународна категорија	бокс-за освоено 9-то место, на СП за сениори, во Чикаго-САД, одржано од 17.10.2007 година до 03.11.2007 година
8.	Иво Цветковски	спортист од светска категорија	карате-за освоено 3-то место на ЕП во дисциплината борби до 70кг., во Трст-Италија, одржано од 15-17.02.2008 година
9.	Мартин Несторовски	спортист од светска категорија	карате-за освоено 3-ТО место на ЕП во дисциплината борби до 80кг., во Трст-Италија, одржано од 15-17.02.2008 година
10	Стефан Андов	спортист од меѓународна категорија	карате-за освоено 5-ТО место на ЕП во дисциплината борби до 65кг., во Трст-Италија, одржано од 15-17.02.2008 година
11	Марија Гудеска	спортист од меѓународна категорија	карате-за освоено 5-ТО место на ЕП во дисциплината кати индивидуално, во Трст-Италија, одржано од 15-17.02.2008 година

12	Милица Неделковска	спортист од меѓународна категорија	кик бокс-за освоено 3-то место на СП за сениори во дисциплината тајландски бокс, во Бургас-Република Бугарија, одржано од 22-30.03.2008 година
13	Иле Ристески	спортист од меѓународна категорија	кик бокс-за освоено 3-то место на СП за сениори во дисциплината тајландски бокс, во Бургас-Република Бугарија, одржано од 22-30.03.2008 година
14	Ардита Исени	спортист од светска категорија	карате-за освоено 3-то место на ЕП за сениори во дисциплината кумите, во категорија до 60кг., во Талин-Естонија, одржано од 02-05.05.2008 година
15.	Оливера Наковска Бикова	спортист од светска категорија	спортско стрелаштво за инвалидизирани лица-за освоено 5-то место во дисциплината воздушен пиштол жени, на ПОИ во Кина-Пекинг, одржани од 06-17.09.2008 година
16.	Вели Мумин	спортист од светска категорија	Бокс-за освоено 3 место на ЕП за сениори, во категоријата до 51кг., во Ливерпул-Велика Британија, одржано од 05-16.11.2008 година

Бр. 08-3981/2
28 ноември 2008 година
Скопје

Директор,
Драган Ѓурчески, с.р.

3168.

Л И С Т А
НА КАТЕГОРИЗИРАНИ СПОРТИСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ 2007 – ДЕКЕМВРИ 2008 ГОДИНА

Ред. бр.	Име и Презиме на стручни лица-тренери	стекната спортска категорија	Остварен резултат на официјални меѓународни натпревари кои се во календарот на европските и светските асоцијации и државни првенства
1.	Страшо Глигоров	селектор на македонската репрезентација во борење слободен стил	за учество и пласман на македонската репрезентација во борење слободен стил на ЕП во Варна-Бугарија, одржано во периодот од 10-18.04.2005 година
2.	Љупчо Неделковски	селектор на македонската кик боксинг репрезентација	за учество и пласман на македонската кик боксинг репрезентација на ЕП за сениори, во Скопје-Република Македонија, одржано од 21-26.11.2006 година
3.	Бошко Заборски и Мирче Јанушевски	селектор и тренер на македонската карате репрезентација	за учество и пласман на македонската карате репрезентација на 42-то ЕП за сениори, во Братислава-Република Словачка, одржано од 04-06.05.2007 година
4.	Љупчо Неделковски	селектор на македонската кик боксинг репрезентација	за учество и пласман на македонската кик боксинг репрезентација на СП за сениори, во Белград-Република Србија, одржано од 26-30.09.2007 година

5.	Златко Димовски, Димче Савевски и Мирче Јанушевски	тренер и селектор на екипата, селектор во борби и клубски тренер	за учество и пласман на македонската карате репрезентација на 5-то СП за јуниори и кадети, во Истанбул- Република Турција, одржано од 19-21.10.2007 година
6.	Руждија Калач	тренер на македонската репрезентација во бокс	за учество и пласман на македонската репрезентација во бокс на СП во Чикаго-САД, одржано во периодот од 17.10.2007 до 03.11.2007 година
7.	Мирче Јанушевски и Димче Савовски	тренер и селектор на Македонската карате репрезентација	за учество и пласман на македонската карате репрезентација на ЕП, во Трст-Италија, одржано од 15-17.02.2008 година
8.	Кирче Патраклиев, Димче Савовски и Златко Димовски	тренер и селектор на Македонската карате репрезентација	за учество и пласман на македонската карате репрезентација на ЕП, во Трст-Италија, одржано од 15-17.02.2008 година
9.	Љупчо Неделковски и Дејан Митровски	тренер и селектор на Македонската кик боксинг федерација	за учество и пласман на македонската кик боксинг репрезентација на СП, во Бургас-Република Бугарија, одржано од 22-30.03.2008 година
10.	Неат Шефкети и Бошко Заборски	тренер и селектор на Македонската карате репрезентација	за учество и пласман на македонската карате репрезентација на ЕП за сениори, во Талин-Естонија, одржано од 02-05.05.2008 година
11.	Бранимир Јовановски	тренер и селектор на Македонската репрезентација во спортско стрелаштво за инвалидизирани лица	за учество и пласман на македонската спортско стрелачка репрезентација на ПОИ, во Кина-Пекинг, одржани од 06-17.09.2008 година

Бр. 08-3981/3
28 ноември 2008 година
Скопје

Директор,
Драган Гурчески, с.р.

ОДБОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

3169.

Врз основа на членовите 1, 5, 12, 16, 17 и 18 од Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2006 и 54/2007), Одборот за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски“, на седницата одржана на 19 ноември 2008 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО 2008 ГОДИНА ЗА НАЈВИСОКО ПРИЗНАНИЕ ЗА ДОЛГОГОДИШНИ ОСТВАРУВАЊА ВО ОБЛАСТА НА ВОСПИТАНИЕТО, ОБРАЗОВАНИЕТО, КУЛТУРАТА, УМЕТНОСТА, ЗДРАВСТВОТО, СПОРТОТ, ЗАШТИТАТА И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА И ВО СОЦИЈАЛНАТА ДЕЈНОСТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Во областа на воспитанието и образованието, државната награда се доделува на:

- Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура од Скопје и

- Агим Рушити, професор по математика од Куманово.

II. Во областа на културата и уметноста, државната награда се доделува на:

- проф. д-р Вера Битракова-Грозданова, археолог од Скопје и

- Миле Бошески, библиотекар-советник од Скопје.

III. Во областа на здравството, државната награда се доделува на:

- проф. д-р Самуел Садикарио, ендокринолог од Скопје.

IV. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-5396/2
5 декември 2008 година
Скопје

Претседател на Одборот
за доделување на Државната
награда „Св.Климент Охридски“
Акад. Крум Томовски, с.р.

СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3170.

Врз основа на член 44, а во согласност со член 45, 46 и 47 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на РМ“ бр.100/05, 19/07 и 103/08), Советот за радиодифузија на Република Македонија, на 26-та седница одржана на 26.11.2008 година, ја донесе следната

О Д Л У К А ЗА ОБЈАВУВАЊЕ КОНКУРС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ

1. Се објавува конкурс за доделување 1 (една) дозвола за вршење радиодифузна дејност на непрофитна радиодифузна установа - за емитување и пренос на радио програмски сервис, со опфат на слушаност на подрачјето на Штип со најблиската околина (локално ниво).

2. Радио програмскиот сервис ќе се емитува и пренесува преку терестријален предавател на фреквенција 91,000 MHz.

3. Програмскиот сервис ќе биде наменет за задоволување на специфичните потреби и интереси на студенската популација.

4. Дозволата за вршење радиодифузна дејност од точка 1 на ова Одлука, ќе се додели за временски период од 9 (девет) години и истата не може да се пренесува на друго лице.

5. Условите и барањата што кандидатите треба да ги исполнуваат за вршење на дејноста, како и критериумите за споредување и вреднување на пријавите и нивната тежина при оценувањето, се содржани во Конкурсот кој содржи Општи, технички, продукциски, програмски и други услови, кои се составен дел на оваа Одлука (Прилог 1).

6. Основните технички услови, стандарди и параметри за емисиониот дел одредени во согласност со Законот за електронските комуникации („Службен весник на РМ“ бр. 13/05, 14/07, 55/07 и 98/08) се содржани во Одобрението за користење радиофреквенција издадено од Агенцијата за електронски комуникации.

7. За дозволата се плаќа годишен надоместок за секоја тековна година, почнувајќи од датумот на издавањето на дозволата, на сметката на Советот за радиодифузија на РМ.

Висината на годишниот надоместок за дозволата, Советот за радиодифузија ќе ја пресметува согласно член 60 од Законот за радиодифузната дејност, на почетокот на секоја календарска година.

8. За користење на радиофренвенциите за радиодифузна и за фиксна служба се плаќа годишен надоместок пресметан според Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции, донесен од страна на Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на РМ“ бр. 01/06).

Надоместокот за користење на радиофреквенции се плаќа на сметка на Агенцијата за електронски комуникации за секоја тековна година, почнувајќи од датумот на издавањето на Одобрението за користење на радиофреквенции.

9. За определување на предавателната микролокација, максималната ефективна моќност што се зрачи (ERP), насочеността на антенскиот систем, како и за другите технички параметри што не се определени со оваа Одлука и Конкурсот, кандидатите се должни (по подигањето на документацијата од Советот за радиодифузија и добивањето на потврда од Советот за подигнатата документација), да се обратат во Агенцијата за електронски комуникации, каде ќе ги добијат деталните технички параметри, кои се составен дел на Конкурсот и според кои ќе треба да се изработи техничкиот елаборат за предавателниот дел.

Пријавувањето на кандидатите во Агенцијата за електронски комуникации треба да биде со истиот назив како и во Советот за радиодифузија.

10. Кандидатите на конкурсот поднесуваат пријави на посебен образец чија форма и содржина ги пропишува Советот за радиодифузија на РМ.

Општите, техничките, продукциските, програмските и другите услови, кои се составен дел на Конкурсот, и Образецот - Пријава, можат да се подигнат во Советот за радиодифузија на Република Македонија, булевар „Маркс и Енгелс” бр.3, Скопје.

За документацијата се плаќа надоместок во износ од 5.000,00 денари на жиро сметка: 300000000618023, Банка депонент: Комерцијална банка А. Д. Скопје.

11. Пријавата се поднесува до Советот за радиодифузија на Република Македонија, на адреса: булевар „Маркс и Енгелс” број 3 - Скопје, со назнака „Пријава за конкурс за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност - на непрофитна радиодифузна установа за емитување и пренос на радио програмски сервис за потребите на студентската популација на подрачјето на Штип”.

Пријавата, со придружната документација, се поднесуваат во 2 (два) примероци.

12. Пријавата може да се достави препорачано по пошта или со предавање во архивата на Советот за радиодифузија на РМ.

13. Пријавата за учество на Конкурсот се поднесува во рок од 30 дена.

Рокот за поднесување на пријавите тече од првиот нареден ден од денот на објавувањето на оваа одлука во „Службен весник на РМ”.

Пријавите се поднесувааат во рокот определен со оваа одлука на начин, форма и со содржина предвидена во Конкурсот со Општите, техничките, продукциските, програмските и другите услови.

Пријавите што ќе бидат поднесени по истекот на рокот определен со оваа одлука и нема да бидат подготвени и доставени според условите утврдени во Конкурсот со Општите, техничките, продукциските, програмските и другите услови, нема да бидат разгледувани.

14. Оваа одлука се објавува во „Службен весник на Република Македонија”, на веб-страницата на Советот за радиодифузија на Република Македонија и во најмалку два дневни весници.

Бр. 07-3538/1
4 декември 2008 година
Скопје

Совет за радиодифузија
на Република Македонија
Претседател,
Зоран Стефаноски, с.р.

[1] Прилог (1): Конкурсот кој содржи општи, технички, продукциски, програмски и други услови, чиј текст е составен дел на оваа одлука, во целост е објавен на веб-страницата на Советот за радиодифузија на Република Македонија (www. srd. org. mk), и е составен дел на документацијата, која може да се подигне во Советот за радиодифузија на Република Македонија, Булевар „Маркс и Енгелс” бр.3, Скопје, согласно условите утврдени во оваа одлука.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2008 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2008152